**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Филозофски Факултет-Скопје

Институт за безбедност, одбрана и мир

Насока „Одбрана“

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Тема:

# Улогата на приватните воени компании во остварување на безбедносни и воени интереси

Изработил:

Љубомир ТОМАНОВСКИ

Ментор:

проф. д-р Оливер БАКРЕСКИ

СКОПЈЕ, декември, 2016

# СОДРЖИНА


КРАТЕНКИ ....................................................................................4

В О В Е Д.......................................................................................5

1. ТЕОРЕТСКО-МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП .............................. 8

1.1. Формулирањенаистражувачкипроблем.......................................... 8

1.2. Досегашни истражувања ................................................................ 9

1.3. Предмет на истражување............................................................... 11

1.4. Цели на истражувањето................................................................. 12

1.5. Хипотетичка рамка .......................................................................... 14

1. 6. Индикатори ...................................................................................... 15

1.7. Методи и техники на истражување ................................................ 16

1.8. Општествено-научна оправданост.................................................. 17

2. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ПРИВАТНИТЕ ВОЕНИ КОМПАНИИ .. 18

2.1. Еволуција на приватните воени и безбедносни компнии и историските периоди до Студената војна .........................................18

2.2. Експанзија на ПВК по Студената војна...........................................22

3. ДЕФИНИРАЊЕ, КЛАСИФИКАЦИЈА И ФУНКЦИИ НА ПРИВАТНИТЕ ВОЕНИ И БЕЗБЕДНОСНИ НЕДРЖАВНИ АКТЕРИ...28

3.1. Приватни воени компании и нивна типологија ..............................32

3.1.1. Борбени ПВК...............................................................................33

3.1.2. Консултантски приватни воени компании ..................................39

3.1.3. Приватни воени компании за поддршка .....................................42

3.2. Приватни безбедносни компании ................................................... 46

4. ОПРАВДАНОСТ ОД УПОТРЕБАТА НА ПВК ...............................50

4.1. Ефективноста на приватните воени компании во споредба со регуларните воени сили...................................................................53

4.2. Контрола и одговорност на ПВК......................................................55

4.3. Ризици од употреба на приватните воени компании.......................56

4.4. Употреба на приватни воени компании од страна на ООН.............57

4.5. Употреба на ПВК од страна на мултинационални корпорации и хуманитарните организации ............................................................ 60

**5. УПОТРЕБАТА НА ПВК ВО ОДРЕДЕНИ КРИЗНИ РЕГИОНИ – СЛУЧАЈОТ СО ИРАК ....................62**

**6. ПОТРЕБА ЗА ПРАВНО РЕГУЛИРАЊЕ НА ПВК ....................69**

**6.1. Примена на домашното право за регулирање на ПВК ....................70**

**6.2. Примена на меѓународното право за регулирање на ПВК ....................72**

6.2.1.Чекори кои треба приватните воени и безбедносни компании да ги преземат за да се осигура дека нивните вработени го почитуваат меѓународното хуманитарно право ....................73

6.2.2. Одговорноста на државите во однос на ангажирањето на приватните воени и безбедносни компании ....................73

6.2.3.Одговорноста на државите на чија територија се ангажирани приватните воени и безбедносни компании ....................74

**6.3. Монтре-документот ....................75**

**6.4. Меѓународен кодекс на однесување на приватните провајдери на воени и безбедносни услуги ....................77**

**6.5. Регулативни норми на приватните воени компании во различни национални средини ....................79**

**7. УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРИВАТНИТЕ ВОЕНИ КОМПАНИИ ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНИ И ВОЕНИ ИНТЕРЕСИ ....................82**

**8. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ .................... 84**

**9. КОРИСТЕНА И КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА ....................89**

# КРАТЕНКИ

ПВК – приватни воени компании

ПБК – приватни безбедносни компании

ПВИ – приватна воена индустрија

MPRI - Military Professional Resources Incorporated

DoD – Министерство за одбрана (САД)

EO - Executive Outcomes

IFOR – Сили за имплементација (БиХ)

SFOR – Сили за стабилизација (БиХ)

UNITA – Uniao National para a Indepenrencia Total de Angola (УНИТА-Национална Унија за Целосна Независност на Ангола)

UNDP - United Nations Development Programme (УНДП-Програма за развој на ООН)

BASIC - British American Security Information Council

ISOA - International Stability operation assotiation

BAPSC - British Association of Private Security Companies

# ВОВЕД

Повеќе од две децении вниманието на светската јавност го привлече една нова индустрија која започна да ги нуди услугите на слободниот пазар. Таа индустрија беше приватната воена индустрија, која во новонастанатите услови на глобално ниво понуди услуги кои дотогаш беа ексклузивитет на државите, односно нивните вооружени сили.

Значи „Приватната воена индустрија, сега е реалност". Појавата на приватната воена индустрија ги зголеми можностите и дилемите кои не само што се релевантни и фасцинантни во теоретска смисла, но исто така, поврзани се со нивното вистинско значење во светот. Па затоа е и суштинско дека нашето разбирање за приватните воени компании продолжува да се развива.

Во основа приватните воени компании ја експлоатираа (искористија) неподготвеноста на Западните влади и мултилатералните организации за директна интервенција во цивилните конфликти. Оваа неподготвеност најмногу беше забележана во Африка, каде што приватните воени компании ги нудеа своите воени вештини на државите соочени со внатрешна нестабилност и војни.

Воените компании обезбедуваат активна воена поддршка и помош, во некои случаи и борбена поддршка, со стратегиски импакт на политичката и воено-безбедносна средина во државите каде што тие дејствувале. Нивниот спектар на услуги опфаќа борбена и логистичка поддршка, обука и советодавни услуги, стратегиски и административни екпертизи и разунавачки активности. Нивното работење е распространето во повеќе од 50 држави во светот, притоа нудејќи ги своите услуги на владите, интернационалните институции и корпорации, како и на индивидуи.

Тековната дебата за природата и улогата на овие компании, сепак, е симплистичка и го прикрива стратешките прашања во прашање. Од една страна, воените компании се поздравени како ефективен одговор на

слободниот пазар за специфична потреба повеќе не се исполнети од страна на владите и меѓународните организации; од друга страна, на нив се гледа како вработување на модерни платеници искористувајќи го насилството за приватни цели. Сепак, јасно е дека постои пазарот за услуги на овие компании, и од страна на владите кои се соочуваат со внатрешни конфликти и неможноста да се потпрат на моќни светски сили, и од страна на мултинационалните корпорации работат во несигурни области.

Во позадината на растот на компаниите лежат промените во политичките, економските и социјалните структури во последните 30 години, како и јавната перцепција на војните кои ги придружуваат овие промени. Приватните воени компании на некој начин им овозможија на владите да ги покриваат трагите од одредени нивни постапки или да избегнат одговорност за нив бидејќи истите не одговараат пред нив или пред јавноста, така што оставаат простор за легално заобиколување на одредени препреки. Конкретно, употребата на поголем број луѓе од приватните воени компании значи употреба на помал број регуларни војници во конфликтите. Од друга страна, можните жртви кај приватните воени компании би имале многу помало влијание на јавното мислење отколку можните жртви на регуларните воени трупи. Понатаму, официјалните воени мисии бараат јавно одобрување од владите, додека употребата на приватните компании може да помине незабележливо и надвор од јавните дискусии.

По завршувањето на Студената војна, приватните воени компании драстично го зголемија нивниот број. Интересен е податокот дека примарни консументи на нивните услуги не се само слабите држави од земјите во развој кои имаат потреба да ја консолидираат својата моќ, туку и развиените земји, а посебно САД кои во поново време започнаа со нивно масовно инволвирање во кризни подрачја како Ирак и Авганистан. Ова посебно ако се земе предвид фактот дека САД денес претставува една од најголемите воени и светски сили во светот и соодветно на тоа, се поставува прашањето која е нивната потреба од најмување на приватни воени компании. Неподготвеноста на САД за распоредување на сили во области во кои тие имаат помалку директни стратешки интереси или кога ризикот од нивното инволвирање е неприфатливо висок, отвора можност на пазарот за ангажирање на воените

компании, кои во некои случаи дејствувале како надворешна политика на владите неспособни или немајќи војла да играат директно и отворено.

Правниот статус на приватните воени компании е нејасен. Нивните односи и релации со нивните домашните влади се карактеризира со мешавина од јавно искажаниот револт и премолчено дадената поддршка. Дебатата за законитоста и моралот на приватните воени компании, на некој начин го избегнува или ја оддалечува од клучното прашање: што е нивното стратешко влијание? Анализите во овој труд потврдуваат дека приватните воени компании можат да постигнат успех во остварување на итни стратешки (објективи) цели. Но, овие компании не се во состојба да ги решат главните политички или социјални прашања што го предизвикале конфликт на прво место.

Приватните воени компании не се минлив феномен. Воената сила може да стабилизира одредена криза, предизвикана од гледиштето дека преговорите во отсуство на принуда се доволни за да се постигне решение. Овој труд аргументира дека државите и меѓународните организации треба да ја преиспитаат моменталната перцепција на приватниот воен сектор, како непријатна аберација (отстапување). Неуспехот да ги ангажираат овие компании ризикува одбивање на нивниот потенцијал за да им помогне да се справат со навидум нерешливите спорови.

Основниот мотив на моето истражување е укажување на законитоста и процесите кои се реалност. Не е доволно само да го констатираме фактот дека приватните воени компании постојат, туку и да укажеме на процесот на нивната појава и развој, како и воспоставување на соодветна законска регулатива со што ќе се зголеми квалитетот на услугите кои ги нудат овие компании.

# 1. ТЕОРЕТСКО-МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

## 1.1. Формулирање на истражувачки проблем

Живееме во време на политичка и економска нестабилност, во време на т.н. географски ограничени војни, во време на експанзија на неоколонијализмот, со еден збор неоколонијална политика која модерно се нарекува глобализација. Лидерот на новата политика и создавање на нов светски поредок несомнено се Соединетите Американски Држави. Некогаш тоа било Римското Царство, Византија или освојувањата на Александар Македонски. Не треба да се заборави ни Хитлеровата визија за Новата Европа или визијата на Мусолини за создавање на Новото Римско Царство. Во обидот за создавање на наводни демократски варијанти на Нови империи, почесно место има и Велика Британија, која преку анексии, насилство и измами доаѓала до нови поседи. Што во суштина била целта на сите стари и нови освојувачи? Секако не било во полза на освоените (поробените) народи. Целите отсекогаш биле јасни – економска експлоатација на освоените територии. Во примитивните времиња доаѓањето до армија на работна сила (робови) и злато (со што се мерело нивото на богатството). Во современиот период е се повеќе јасно дека целта е искористување на рудното и нафтеното богатство во корист на освојувачите. Освоените територии, било воени или економски, се наметнува концептот на економски развој во рамките кога имало се помалку производство врз однова на сопствените суровини. Напротив, освоените можеле да извезуваат суровини, а не можеле да ги користат за сопствени економски потреби. Главниот заговорник на ваквата економска политика несомнено се Соединетите Американски Држави. Ваквиот правец на развојот на светската политика и економија се вистинска закана за светскиот мир и рамнотежа. Секако појавата и настанокот на конфликтите секогаш имаат формален идолошки или воено-безбедносен изговор: борба против христијанството, борба во име на христијанството, борба против комунизмот, борба против фашизмот, борба против тероризмот. Во суштина била секогаш иста – мотивот бил од економски интереси.

Од почетокот на деведесетите години, по појавата на нафтената криза, се појавиле различни кругови на нестабилност од инфлација до недостаток на суровини, од невработеност и пропаднати индустрии до распаѓање на поедини држави проследени од војни, сметам дека воената и економската наука, а пред се стратешките интереси, имаат значајна улога во обновување на општите економски активности чија цел е зголемување на животниот стандард на населението. Стратешките интереси биле насочени кон овозможување успешно да се одговори на промените во опкружувањето, кон новите барања на потрошувачите и конкуренцијата, а посебно на глобалната тенденција и противречности во современиот свет. Компаниите морале да истражуваат дали постои пазар за нивниот производ т.е. дали постои склоност кон купување на нивните производи. Општата економска и социјална нестабилност во деведесетите години, и ден денес била совршена основа за создавање на нови компании кои ќе ја искористат својата моќ за да ги надминат нафтените компании. Значи, економската криза и војните на современото време се совршена основа и причина за појавата на приватните воени компании и значајниот пораст на целокупната воена индустрија. Постоењето на боиштата, било каде во светот, во суштина е потенцијален пазар на кој воените компании и воените индустрии би ги пласирале своите производи: обезбедување на најсовремено вооружување и воена техника, врвни професионални војници и воена обука. Се разбира како било која голема и моќна компанија и приватната воена компанија мора да ги применуваат сите основни сознанија, правила и регулативи на постоечките меѓународни правни рамки.

Во согласно со горенаведеното би сакал да истакнам дека анализата на истражувачкиот проблем ќе биде ориентирана на стратешката улога на приватните воени компании во војните и конфликтите на поранешните Југословенски простори, Африка, Ирак и Авганистан.

## 1.2.Досегашни истражувања

Во светот до сега имало голем број на истражувања во врска со улогата на приватните воени компании во остварување на безбедносните и одбранбените интереси.

Истражувањата за приватните военикомпании започнале уште од самото нивно постоење, односно уште од самата појава на војната. Меѓутоа поконкретни истражувања се направени кон крајот на XX век кога имаме експлоатација на воените компании од страна на Западните влади и мултилатералните организации кога станува збор за директни интервенции во цивилните конфликти.

Во еден дел од книгата „Приватните армии и воените интервенции" од писателот Дејвид Шерер, која што е прв пат објавена во 1998 година се проучуваат две воени компании (EO)[1]и (MPRI)[2], каде што првите (EO) според начинот на нивното ангажирање се директно вклучени во борбите и конфликтите, додека пак (MPRI) нудат услуги и активности во вид на обука на воениот состав и советодавни услуги во земјите во транзиција.

Постојат повеќе истражувања како дел од проекти[3] за ефикасноста на приватните воени компании во остварување на безбедносните и одбранбените интереси од примената на соодветен модел на соработка на јавниот и приватниот безбедносен сектор.

Исто така во неколку објавени статии (монографии) на активни припадници на вооружените сили на САД, Велика Британија и Канада проучени се и анализирани се ситуации:

- на идното влијание на оперативното планирање при употребата на приватните воени компании,

- на последиците од донесувањето на националните одлуки на вооружените сили на горенаведените земји при употребата на приватните воени компании;

- и наведени се претпоставки поткрепени со докази во кои ситуации (случаи) имаме зголемување на употребата на приватните воени компании (на пример: во случај на намалени издатоци (трошоци) на армиите, во случај на намалување на големината на националните сили за одбрана и безбедност, во

[1]Executive outcomes – приватна воена компанија, основана во Јужна Африка
[2]MPRI - приватна воена компанија, основана од пензионирани американски офицери
[3]на пример: DCAF Horizont 2015 Working paper No. 2

случај на зголемување на времетраењето на воениот конфликт, во случај кога има намалување на бирократските контроли и прописи итн).

Во септември 2008 година Владата на Швајцарија заедно со Меѓународниот комитет на Црвениот крст официјално го потпишале The Montreux Document каде што е регулиран Меѓународниот кодекс на однесување на приватните воени компании што се однесува на почитување на човековите права врз основа на принципите за одговорно однесување при учеството во воени, односно вооружени конфликти, и истиот документ претставува рамка за воспоставување соодветната регулатива за вработените во приватните воени компании да бидат поодговорни за своите постапки.

## 1.3. Предмет на истражување

Истражувањето на овој труд се фокусира на услугите и понудувачите на услугите од приватниот сектор кои се развиле и профитирале како неизбежна компонента во сите аспекти на безбедноста во поново време. Во современото општество изучувањето и разбирањето на асиметричните војни е незамисливо без истражување на феноменот на приватните воени организации.

Основниот предмет на ова истражување се фокусира на поставеноста на приватните воени компании во обезбедување на безбедносни и воени интереси. За попрецизно да се одреди предметот на истражување потребно е подетално да се истражи реалното функционирање на овој сегменти проблемот со законската регулатива.

За полесно разбирање на предметот на истражување на овој магистерски труд подетално ќе дефинирам некои поими и термини кои се врзани со приватните воени компании. Термини кои ќе преовладуваат во истражувањето се следниве: *безбедност, приватно обезбедување, приватни компании за обезбедување, приватни безбедносни организации, приватни воени организации, корпоративни организации, платеници.*

*Безбедноста* е состојба во која државите сметаат дека нема опасност од воен напад, политички принуди или економски присили така што можат слободно да се развиваат.

*Приватни компании за обезбедување* се правни лица кои имаат дозвола од државата за давање на одреден вид на безбедносни услуги на правни или физички лица.

*Приватните безбедносни организации* се основаат за извршување на задачи во национални рамки, поради што нивната улога во меѓународното окружување е мала. Тактиката на постапување на приватните безбедносни организации е со дефанзивен карактер, поради поголемата ориентираност кон оперативното дејствување.

*Приватните воени организации* се фирми кои на пазарот нудат воени способности, најчесто основани во најразвиените земји во светот, каде има воспоставено национални темели, развиена мрежа на деловни контакти и центри за обука. При давањето на своите услуги приватните воени организации користат воена опрема, воено оружје и воена тактика. Најчесто дејствуваат меѓународно и даваат широк спектар на безбедносни услуги во кризните делови на светот. Многу приватни воени организации даваат услуги од подрачјето на приватните безбедносни организации, но задачите со кои даваат воени услуги им се примарна дејност. Приватните воени организации можат да бидат во различни облици и големини, но без оглед на тоа дали се независни понудувачи на услуги, производувачи на некој концерн или постојка на некоја корпоративна организација, повеќето од нив се наоѓаат помеѓу два пола на спектарот на понудувачи на услуги, односно помеѓу „чисти” приватни воени организации и корпоративни организации. Крамер смета дека успешни приватни безбедносни и воени организации се инкорпорирани во големите конгломерати (корпоративни организации). Приватните воени организации може да се разгледуваат како ентитети во центарот на бројни преклопени сфери на деловни активности. Приватните воени организации најдобро ги дефинирала Имке-Илсе Друс, според која тоа се претпријатија кои нудат воени способности кои традиционално ги обезбедуваат регуларните воени сили. Воените способности кои се од особена важност во овој случај се можностите и изведувањата на борбени операции, обезбедување на воени совети и обуки, одржување на систем на вооружување, собирање и анализа на разузнавачки информации, како и логистичка поддршка на регуларните воени сили.

*Корпоративните организации* се мултидисциплинарни и најчесто интернационални претпријатија со широк спектар на дејствување, кои покрај својата примарна работа се одлучуваат да нудат и услуги на воениот сектор со цел да го прошират своето работење. Ваквите претпријатија ги класифицираме како корпоративни организации кои го помагаат воениот сектор. Многу вакви претпријатија во литературата се оквалификувале како приватни воени организации, но тие во потполност не се приватни воени организации, туку поседуваат одредени способности и ги нудат своите услуги само како дел од својот широк спектар на сопствени можности. Поради тоа, категоријата приватни воени организации неточно е раширена и во неа се вброени сите услуги кои ги даваат и приватните воени организации и корпоративните организации. Спекатарот на дејствување на корпоративните организации е мултидисциплинарен и повеќе пати поширок од дејствувањето на приватните воени организации, поради што не може да се вбројат во иста категорија, иако во давањето услуги во безбедносниот сектор се користат со истата методологија на работење и дејствување. Корпоративните организации со помагањето на воениот сектор се одлучуваат на создавање на сопствени приватните воени организации или ги преземаат постојните заради дополнување на сопствените ресурси. Ширината на дејствување на корпоративните организации главно е стратегиско и повремено со тактички карактер, додека главен белег на нивното работење е помагање на целите на мисиите со неагресивен пристап и средства.

*Платеници.* Честопати покрај приватните воени компании се користат термини како што се компании на платеници и приватно обезбедување (КПО). До неодамна, платеник беше стандардниот израз за актерите во конфликт кои вообичаено беа мотивирани само од личната добивка. Овој израз се појавува во некои меѓународни договори, и покрај тоа што овие договори беа критикувани поради недоволна прецизност, бидејќи се фокусирани на мотивираноста за акции, кои тешко може да се идентификуваат, отколку на самите акции. На пример, многу од американските даватели на услуги за обезбедување во Ирак тврдат дека работат подеднакво заради патриотизам и заради финансиска корист. Многу фирми кои се специјализирани да го штитат персоналот и имотот наместо да се занимаваат со борбени активности, повеќе сакаат да се идентификуваат како КПО. Но кога заштитата има сериозно влијание врз

резултатот од конфликтот, тешко е да се направи разлика помеѓу борбена и заштитна улога.

## 1.4. Цели на истражувањето

*Општа цел на истражувањато*

Општата цел на ова истражување е да се објасни улогата на приватните воени компании во остварувањето на безбедноснитеи воени интереси, но и да се направи согледување како приватните воени компании можат да извршуваат задачи од областа на националната безбедност.

*Посебни цели на истражувањето*

- Да се согледаат позитивните и негативните страни на приватните воени компании;
- Да се согледа како приватните воени компании влијаат врз осигурување на националната безбедност,
- Да се утврди како приватните воени компании ги осигуруваат одбранбените и безбедносни интереси,
- Да се види како приватните воени коппании се прифатени од националните влади,
- Да се анализира правната регулатива и законските ограничувања на приватните воени компании, односно да се разгледаат институционалните можности за следење на развојот на ваквите организации за ова подрачје нормативно да се уреди;
- Да се согледаат какви се механизмите за контрола на работата на приватните воени компании.

## 1.5. Хипотетичка рамка

Врз основа на вака поставените цели и задачи на истражувањето би ги поставиле следните општи и посебни хипотези:

***Генерална (општа) хипотеза:***

Ефикасноста на приватните воени компании во остварување на безбедносните и одбранбените интереси е условена од примената на соодветен

модел на соработка на јавниот и приватниот безбедносен сектор, како и од соодветната регулатива која треба да создаде претпоставки вработените во приватните воени компании да бидат поодговорни за своите постапки, да помогне за да се обезбеди дека вработените нема да прават криминал и злоупотреба на своите овластувања, да се зголеми квалитетот на услугите кои ги нудат овие компании.

***Посебни хипотези:***

- Во современи услови на глобални хибридни безбедносни закани, приватните воени компании (субјекти) имаат значајна улога во остварување на безбеносните и воените интереси на современите демократски држави.

- Посилна законска регулатива ќе обезбеди повисоко ниво на одговорност на приватните безбедносни компании и нивниот персонал за своите постапки, односно постоењето на соодветна законска регулатива која сите ја спроведуваат ќе обезбеди дека сите вработени во овој сектор нема да имаат можност да вршат криминал, а доколку тоа се случи секој ќе биде соодветно санкциониран.

- Остварувањето на безбедносните и воени интереси е условено од спектарот на услуги кои ги нуди самата воена компанија.

- Остварувањето на безбедносните и воени интереси е условено од можности и способности кои ги има приватната воена компанија.

- За да се воспостави соодветна рамка на работењето на приватниот безбедносен сектор, неопходно е да има сигурност во рамката во која тој сектор би можел да ги спроведе своите активности. Неопходно е одредбите да бидат прецизни во соодветното законодавство како би можеле точно да ги воспостават своите активности во целокупниот безбедносен сектор, вклучувајќи и контрола.

## 1. 6. Индикатори

Како индикатори за ова истражување ќе бидат земени досегашните показатели (знаци) за појавата и улогата на приватните воени компании. Меѓу позначејните се:

а) Намалување на националниот воен буџет, а со тоа следи и намалување на бројот на националните вооружени воени сили;

б) Зголемениот број на можните жртви на регуларните воени трупи во воените конфликти;

в) промените во политичките, економските и социјалните структури во последните 30 години како и јавната перцепција на војните кои ги придружуваат овие промени.

## 1.7. Методи и техники на истражување

Методолошка рамка на ова истражување ја сочинуваат општите научни методи кои го детрминираат дескриптивниот карактер на истражувањето. Главна насока на истражувањето е опишување и согледување на улогата на приватните воени компании во остварување на безбедносните и воени интереси на современите демократски држави.

Посебно место во примената на истражувачките методи ќе имаат следниве научно-истражувачки методи:

**А. Дескриптивниот метод -** ќе се користи за детално опишување на појавата, улогата и значењето на приватните воени компании во остварување на безбедносните и одбранбените интереси на современите демократски држави.

**Б. Компаративниот метод –** ќе се користи во сите случаи кога ќе биде потребно да се споредуваат повеќе податоци од неопределен број слични или исти ситуации и сегменти со цел да се добијат релевантни индикатори кои ќе ги детерминираат начините за справување или по пат на исклучување ќе го одредат правецот за решавањето на овие проблеми посебно.

**В. Метод на историска анализа –** ќе биде употребен со цел да се даде јасна слика на самата појава, нејзините корени и хронолошка анализа на резултатите превземени низ историјата на при справување со заканите. Преку анализата на односот кон самата појава пред и после периодот на Студената војна, ќе се одредат факторите за улогата на приватните воени компании во остварување на безбедносните и воени интереси, законската регулатива за

приватните воени компании, како и во која мера системот ги прифатил или сеуште не ги прифатил.

**Г. Анализата на содржина** –предвидува анализа на соодветно потребните меѓународни документи и правни акти, анализа на изјавите на сопственици на приватни воени компании, анализа на научни трудови од полето на приватните воени компании.

**Д. Каузалната метода** – ќе се користи со цел воочување на причинско последичната врска меѓу независните и зависните варијабли.

## 1.8. Општествено-научна оправданост

Општествената и научната оправданост на овој труд, се состои во потребата да се објасни улогата и значењето на приватните воени компании во остварување на безбедносните и воени интереси. Приватните воени компании имаат голем придонес во одбраната и заштитата на територијалниот интегритет на дражавите како и во колективната самоодбрана на НАТО. Исто така повеќето хуманитарни организации се потпираат на вооружени приватните воени компании кои ја гарантираат нивната безбедност, која е од суштинско значење за решавање на конфликти и стабилизација во конфликтни подрачја. Приватните воени компании учествуваат во заштита на пошироките интереси на современите држави кои сакаат да стекнат поени врз основа на нивната надворешно политичка агенда.

# 2. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ПРИВАТНИТЕ ВОЕНИ КОМПАНИИ

Употребата на платените странски сили (војски) од историски аспект првлекува малку внимание, затоа што било прифатено како нормална практика.[4] Современите општества денес се насочени кон еден нов тренд наречен приватизација на воените функции, односно активности и охрабрување на приватни компании да ги извршуваат оние работи кои природно ги извршувале државите и секогаш припаѓале на областа на вооружените сили на тие држави. Иако постои голема разлика помеѓу двата термина, за да дојдеме до денешните приватни воени компании, потребно е да се направи осврт на најмените војници, односно т.н. платеници чија употреба во војните е доста стара практика. Следејќи ја историјата на овие стари практики се доаѓа до античките цивилизации и тогашните платеници кои ознаката „платеник“ ќе ја носат со векови.

## 2.1. Еволуција на приватните воени и безбедносни компнии и историските периоди до Студената војна

Еден од најстарите записи за приватни безбедносни воени сили датира од XIII век пред нашата ера, кога египетскиот фараон Рамзес Втори ги најмил Нубијците, Либијците, Сиријците и Шерданците од Сардинија да бидат дел од египетските борбени формации како посебни странски единици. Дури и „Библијата" вклучува неколку примери за употреба на платеници. Така, „Стариот завет", книгата на егзодусот, вели дека кога фараонот ги прогонувал децата на Израел од Египет, неговата армија која имала единици составени од платеници била совладана од водите на Црвеното Море. Генерации подоцна, пред кралот Давид да стане крал на Израел, тој заедно со своите следбеници бил ангажиран во Филистејската армија од Ахис.[5]

Познат е и примерот на Александар Македонски, кој големата

[4]Shearer, David, and London Institute for Strategic Studies. Private armies and military intervention. New York: Oxford University Press, 1998.стр.13
[5]Peter Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2003), стр.20.

македонска империја ја создал не само со македонската армија, туку и со сили кои се состоеле од платеници. Дел од овие сили била и морнарицата составена од 224 брода од Феникаците.[6]

Иако раното Римското царствосе истакнувало по неговата граѓанска армија, тоа исто така било мошне зависно од платеници. Дури и за време на периодот на Републиката, биле ангажирани единици за да се пополнат редовитесо специјалности како на пример, стрелци и коњаница.Тие обично регрутирале војници од економски заостанатите области. За време на Пунските војни ги пополнувале празнините во нивните легии со Гали, Нумидијци, Балеарци, Иберијци, Грци и Германи. Така, се велело дека во периодот на третиот век римската армија била „повеќе германска отколку римска". За лојалноста овие платеници биле наградувани не само со пари туку и со статус „Римјани" по завршувањето на нивната служба.[7]

Исто така, и владетелите на последователната Византиска империја зависеле од военото искуство на странците во понатамошните битки. Треба да се истакне дека овие странци биле вклучени во формирањето на Варангиската гарда, најелитната сила на Византијците, составена од изнајмени Нордијци.[8]

За време на Средниот век се појавија „големите" и „независни" компании. Војната од сто години (1337-1453), испрекината серија на војни меѓу англиската и француската кралска фамилијарезултираше со мобилизација на бројни борци кои се бореле за спорната надмоќ. Во 1360 година Спогодбата (или мирот) од Бретања резултираше со деветгодишен мир. Поради состојба на мир, поголемиот дел ангажирани војници биле ослободени од должност и останале невработени. Некои од овие војници се организирале во големи групи и ги нуделе своите услуги на средновековните владетели. Големите компании биле дел од поголем феномен на „слободни компании".[9]Овие „слободни компании" може да се каже дека се далечни претходници на модерните приватни воени компании и дејствувале како корпоративни

[6]Исто, стр.21.
[7]Peter Singer, *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry* (Ithaca: Cornell University Press, 2003), стр.21.
[8]Исто, стр.21
[9]Ortiz Carlos, *Private Armed Forces and Global Security*, Preager, An Imprint of ABC-CLIO, Santa Barbara, California-Denver, Colorado-Ohford, England, 2010, стр.14, во О.Бакрески, М.Даничиќ, Ж.Кешетовиќ, С.Митевски, *Приватна безбедност-теорија и концепт,* Скопје,2015, стр.83

ентитети посветени на создавање профит. Тие во почетокот ги нуделе своите услуги на секој којшто сакал да плати додека ги тероризирале оние кои не сакале. Подоцна биле реорганизирани така што повеќе не експоатирале индивидуалци за профит, туку влегувале во служба на цели градови па и региони со цел да им обезбедат заштита.

Помеѓу XIV и XVIII век, понесени од социјалната револуција а посебно со крајот на феудализмот, системите за безбедност се повеќе растат а „војната станува најголемата индустрија во Европа". Во овој период познати се религиозната Триесетгодишна војна во Вестфалија (1618 - 1648)[10] која главно ја воделе платеници. Седумгодишната војна (1756 - 1763) била поддржана (потпомогната) со англиско злато, при што е познато дека англиските генерали ги воделе „сојузничките" единици во битките. Англичаните ги користеле Холанѓаните и Австријците во Европа, како и Сепоите во Индија. Во 18-тиот век скоро секоја моќна европска армија имала елементи од најмени странски војници. Единствена земја која била исклучок во Европа и која никогаш не употребувала платеници е Швајцарија. Од друга страна, многу добро е позната Швајцарската гарда, единица која во својот состав има исклучиво Швајцарци и од 16-тиот век е во служба на Ватикан, односно на папата. Француската армија пред Револуцијата била скоро една третина германска. Во руската Балтичка флота скоро осумдесет проценти од офицерите не биле Руси. Понатаму, во Баварија и Русија процентот на странски офицери во редовите на нивните војски бил четириесет наспрема триесет и три соодветно. Пруската армија во својот состав имала огромен број на странски платеници кој се движел од една до две третини. Британската Империја, во принцип, се потпирала на професионална армија од доброволци, но кога имала интерес и потреба, никогаш не се колебала да најми платени војници. Ова е случајот со Американската војна за независност, кога Британците по неуспешниот обид да добијат трупи од Русија и Холандија, склучиле договор со Германците, при што добиле околу 30.000 војници.

Во 1850 година во САД од страна на Алан Пинкертон е основана првата приватна безбедносна и детективска агенција, под името Национална

---

[10]Договорот во Вестфалија, 1648 г., крај на Тресетгодишната војна (1618 –1648) и формирањена нов политички поредок заснован на суверенитетот на државата. Види повеќе, Cicely V. Wedgwood. 1938. The Thirty Years' War. London: Jonathan Cape.

детективска агенција Пинкертон.Пинкертон станал познат кога тврдел дека спречил заговор за извршување атентат врз новоизбраниот претседател Абрахам Линколн, кој подоцна вработил агенти од агенцијата на Пинкертон за неговата лична безбедност за време на Граѓанската војна. Агентите на Пинкертон извршувале услуги од типот на лично обезбедувањедо приватно-воени договорени работи. Пинкертон била најголемата приватна организација за спроведување на законот во светот во тој период.[11]

Првата приватна воена компанија датира уште од 1967 година, кога полковникот Сер Дејвид Стирлинг ја основалWatchGuard International, компанијаво чии состав ималопоранешен персонал од британската Специјална воздухопловна служба (САС), најмена за обука на воени сили и армии во странство.[12]

Во 1980-тите, британската премиерка Маргарет Тачер и претседателот на Соединетите Америкснски Држави Роналд Реган започнале со процесот на приватизација на владините услуги.[13] Токму ставот на администрацијата на претседателот Реган бил дека значителен дел од државните трошоци треба да се алоцираат во приватниот сектор. Ова одело дотаму што секретарот за одбрана на САД, Доналд Рамсвелд дури рекол дека секоја државна функција која може да се приватизира, треба и да се приватизира. Под микроскоп за можна приватизација биле ставени и двата критични сектори: безбедносните функции и собирањето разузнавачки податоци и нивната анализа. Подоцна, по крајот на Студената војна, Џорџ Буш постариот и Бил Клинтон како претседатели на САД ја продолжуваат оваа реформа, при што голем дел од воените и разузнавачките функции кои долго време биле под надлежност на Пентагон биле на некој начин делегирани на приватната воена индустрија.[14]

[11]https://en.wikipedia.org/wiki/Pinkerton_(detective_agency), пристапено на 24.03.2016 г.

[12]Damian Lilly, *The privatization of security and peacebuilding,* IA September, 2000.

[13]http://www.sourcewatch.org/index.php/History_of_private_military_companies, (пристапено на 30.03.2016 г.)

[14]Winston P.Nagan and Graig Hammer, *The Rise of Outsourcing in Modern Warfare : Sovereign Power, Private Military Actors, and the Constitutive Process*, University of Florida Levin College of Law,2008), стр.435

## 2.2. Експанзија на ПВК по Студената војна

Експанзијата на приватната воена индустријазапочнува од крајот на Студената војна и продолжува до ден-денес. Во овој дел од трудот ќе зборуваме за приватната воена индустрија после 1990 година во поглед на структурните и политичките промени и настани кои создале можности за експоненцијален раст на овие поединци и компании.

Процесот на глобализација во денешно време влијае владите низ светот зачестено да преминуваат кон приватизирање на дел од имотот, како и разни други дејности во државна надлежност со цел намалување на годишните расходи. Ваквиот тренд е забележлива појава во областа на енергетиката, сообраќајот, телекомуникациите и слично, но во последните неколку декади станува се поочигледен и во областа на безбедноста. Голем број држави, а посебно западните земји, постепено создаваат простор и ја отвораат вратата за вклучување на приватните интереси во делокругот на националната и на меѓународната безбедност.

Проширувањето на приватната воена индустрија во модерната ера може да се припише на голем број на фактори и настани. Сепак, најважниот од нив беше намалувањето на воените буџети на големите воени суперсили соочени едни против други за период од речиси 45 години познат како Студената војна. Глобалното намалување на национални војски, обезбедило огромен базен на обучен поранешен воен персонал за регрутација и вработувањево приватнитевоени компании. Во Соединетите Американски Држави, намалувањето на војската, која започна во 1990 година и продолжи во текот на 1990-тите, било прифатено како рационален курс на дејствување по распадот на поранешниот Советски Сојуз. Војската на САД, посебно на Армијата, била трансформирана да одговори на предизвиците на менување на стратешката средина.[15]

Со цел да се преструктуира и да се трансформира војската на САД,од страна на претседателот Џорџ Буш во август 1990 година, аповикувајќи сена DOD (Department of Defence)била дадена задача да се развие стратегија за

[15]Kornburger, Michael D., and Jeremy R. Dobos. Private Military Companies: Analyzing the Use of Armed Contractors. Navalpostgraduateschool Monterey CA, 2007.

одбрана за во иднина што ќе се прилагоди на новата глобална средина.[16] Како што е наведено од страна на Пол Волфовиц, потсекретар за одбрана за политика:

„Новата стратегија за одбрана беше задолжителна, поради три клучни случувања: (1) на трансформацијата на Советскиот Сојуз и Источна Европа; (2) промени во природата на регионалните конфликти; и (3) еволуцијата на повеќе американски пријатели и сојузници".[17]

Експанзијата на приватниот воен сектор од крајот на студената војна произлегува делумно од намалувањето на Западните воени сили (види слика 1). Како резултат на овие активности и светски настани, од 1990 до 1998 година, американската армија се намали од 785.000 на помалку од 500.000 активни војници.[18] Покрај тоа, Резервните сили и Националната гарда се користеле да се пополнат барањата и празнините во активната компонента.[19] Креаторите на оваа политика мора да си помислиле дека реструктуирање на армијата на овој начин е право нешто да се направи со оглед на новото глобално опкружување и безбедносните предизвици. Но, ова преструктуирање на војската во 1990 година, како и последните одлуки во надворешната политикада се вклучат во повеќе операции од големи размери, можностите на армијата на САД ги достигнала своите максимални оперативни граници. Барањата на политика ги надминувалапотребните ресурси и затоа ПВК биле ангажирани за пополнувањена тие празнини.[20] Несомнено, реструктуирањето и намалувањето на војската во средината на 1990-тите придонеле да се создадат услови за раст на ПВК. До крајот на 1990-тите и раните 2000-ти, одлуките на надворешната политика не само што создаде пазар за приватизирање навоени сили, туку се воспоставила зависност на владата на САД од поддршката на воените

[16]Folly, Martin H. "Graham Allison and Gregory F. Treverton (eds.), Rethinking America's Security: Beyond Cold War to New World Order (New York: Norton, 1992,). Pp. 479. ISBN 0 393 03059 8." Journal of American Studies 27, no. 03 (1993): 465-466.
[17]Исто, стр.177
[18]Bart Brasher, *Implosion: Downsizing the U.S. Military, 1987-2015* (Westport: Greenwood Press, 2000), стр.213
[19]George Friedman, *„The Geopolitical Foundations of Blackwater."* Outside the Box, Vol. 4 – Special Edition, October 2007 [article online], (http://www.fxstreet.com/futures/marketreview/outside-the-box/пристапено на 30.03.2016 г.)
[20]Defense Science Board Task Force, Deployment of Members of the National Guard and Reserve in the Global War on Terrorism, September 2007; достапно на http://www.acq.osd.mil/dsb/reports.htm,пристапено на 30.03.2016 г.)

операции од страна на ПВК.[21]

ПВК биле ангажирани во голем број да ги поддржат и да ги пополнат празнините во структурите на воените сили. Политички одлуки ги зголемувале своите барања кон владини агенции, што довело да се продолжи со користење и прифаќање на ПВК како критична компонента на војската на САД. Потпирањето од страна на владата на ПВК (со оглед на нивните оперативни успеси), ја поттикнала нивната експанзија и раст и во текот на изминатите две децении ПВК допринеле за зајакнување и одржливост на концептот на ПВК.




Слика 1: Вкупен број на активни вооружени сили, 1987-1997, (илјади)[22]

Приватните воени компании беа тие кои апсорбираа еден дел од отпуштениот воен персонал и нивната експертиза и понудија замена на војниците секаде каде што тоа е можно со добро платени цивили кои најчесто скапо биле обучувани на сметка на државите. Во многу држави намалувањето

[21]David Isenberg, „*A Fistful of Contractors: The Case for a Pragmatic Assessment of Private Military Companies in Iraq,*“ Research Report 2004.4 (British American Security Information Council, September 2004), стр.19-21.
[22]Извор: IISS, *The Military Balance,* 1987-1997 во David Shearer, *Private Armies and Military Intervention*, (Oxford Univrsity Press for IISS, 1998), стр.28
Забелешка: *Од 1992, илустрацијата се однесува само на Русија

на активните вооружени сили било проследено со професионализација на составите. Но, во исто време кога регрутните состави биле заменувани со целосно доброволни професионални сили, кои генерално се поскапи за одржување од армиите кои имаат само регрути, имало зголемени побарувања од цивилните лидери од целиот свет за помали и помалку скапи вооружени сили. Дополнителни редукции на персонал, ресурси и инфраструктура морало да се направат за да им се помогне на владите во борбата против зголемување на буџетските дефицити. На тој начин, растечките финансиски ограничувања ги натерале западните армии да се концентрираат на развивање на помали, поефикасни и флексибилни сили.

Како одговор на овие трендови, западните вооружени сили се фокусираа на редефинирање и одржување само на суштинските капацитети. Несуштинските капацитети биле елиминирани и оние активности кои нужно не морало да ги изведува униформираниот персонал биле заменетисо разни форми на алтернативно доставување, односно решавање на услуги. На овој начин се отвори простор и сето ова придонесе за формирање на голем број на ПВКкои станаа клучен фактор во голем број на воени конфликти по завршувањето на Студената војна.

Заливската војна и операцијата „Пустинска бура" во 1991 година е првиот конктретен глобален предизвик за новиот светски поредок и за тогашниот претседател на САД, Џорџ Буш. Во поширокиот контекст на подготовки и изведување на операцијата, приватниот сектор во однос на редовните сили учествувал во соодност 1:100 (еден припадник на ПВК во однос на 100 регуларни војници).[23]

По терористичкиот напад врз Соединетите Америкнаски Држави од 11 Септември 2001 година, претседателот Буш објавува дека САД се ангажирани во војна против тероризмот. Со започнување на операцијата „Трајна слобода" (Enduring Freedom) во Авганистан во 2001 година и „Слобода за Ирак" (Iraqi Freedom) во Ирак во 2003 година, како дел од глобалната војна против тероризмот, отворен е голем спектар на операции кои имаат потреба од многу голем човечки и финансиски потенцијал. Во неможност да се зголемат регуларните воени сили на теренот, улогата на приватниот безбедносен сектор

[23]Танески Н., *Глобални хибридни закани и асиметрични војни,* Скопје, 2014, стр.104-105

доаѓа до се поголем израз, не само во обезбедување на приватна и деловна безбедност, туку исто така и воена поддршка за домашните и меѓународните вооружени сили.[24]

Во прилог на воените интервенции во различни форми во политички и етнички жаришта, приватните воени компании биле ангажирани од потребата за ограничени интервенции за чисто економски причини, каде што како клиенти на нивните услуги се појавуваат и меѓународни организации (УНХЦР, УНИЦЕФ, УНДП и други), како и други невладини организации.

Во светот денес постојат повеќе од 100 приватни воени компании, кои ги нудат нивните услуги во повеќе од 50 земји. Овие компании доаѓаат од Соединетите Америкнаски Држави, Велика Британија, Северна Ирска, Франција и Израел, и нивните корисници се држави, меѓународни корпорации, невладини организации и поединци.[25]

Најпознатите приватни воени компании кои се уште работат на пазарот на меѓународно ниво се: DynCorp International LLC[26](САД), Blackwater[27] (САД), Military Professional Resources Inc. или MPRI[28](САД), Executive Outcome[29] (Јужна Африка), Sandline International[30] (Велика Британија),Vinnell Corporation (САД), Armor Group (Велика Британија), Erinys International Ltd (Британска ПВК, регистрирана во Британски Вирџиниски Острови), Control Risks Group (Велика Британија) и други.

[24]Исто, стр.105.
[25]Види пошироко: DCAF Backgrounder,*Private Military Companies,* The Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Froces, Geneva, 2006.
[26]DynCorp Int. е основана во САД во 1946 годинe како делод тајниотдоговор Treaty of Fort Hunt помеѓу ЦИА и тогашниот ОСС (покасноНСА) (Живковиќ, 2010: 2438).
[27]Американска приватна воена компанија основана 1997 годинe, а во текотна 2009 год., по реструктуирањето, „Blackwater“ го менува иметово „XeServices LLC“, а од декември 2011 годинe во „Academi“ (Abrisketa, 2007: 4-26).
[28]MPRI е американска приватна воена компанијакоја во 1987 годинае основанаод страна на пензионирани воени офицери на американскатаармија, со околу 3.000 вработенисо седиште во близина на Вашингтон. Компанијата е пример за делување наПВК на просторите напоранешната СФРЈ, каде во 1994 годинe склучува договорсо Владата на Република Хрватска да дизајнира програма којаќеја подобри способностана хрватските воени сили. MPRI за овојдоговор добила лиценца директно од Стејт Департментот, а програматазапочнала со реализацијаво јануари 1995 годинe (Mathieu, Dearden, 2002: 12). Во 1998 година MPRI тимот склучи договор за реконструкција и обука на АРМ, меѓутоа беа вклучени и во обуката на припадниците на ОВК и ОНА. Практично тие истовремено ги обучуваа и двете страни од конфликтот во 2001 година во Република Македонија. (Танески Н., *Глобални хибридни закани и асиметрични војни,* Скопје, 2014, стр.103).
[29]https://en.wikipedia.org/wiki/Executive_Outcomes (пристапено на 04.04.2016г.)
[30]https://en.wikipedia.org/wiki/Sandline_International (пристапено на 04.04.2016г.)

Значи, ПВК постојат во многу земји, но сегашниот трент покажува дека нивниот број се зголемува, особено во конфликтните региони, каде што бизнис компаниите имаат потреба од поголема заштита од онаа што може да им го обезбеди државата. Се смета дека тие се позаинтересирани за заштита на приватниот имот и персонал отколку за воената страна во конфликтот. Сепак, во практика, компаниите многу често ја комбинираат воената и безбедносната експертиза поради тоа што се смета дека и двете имаат подеднакво значење и неопходни во одредени региони.[31] Овие компании при нивното оперативно инволвирање одиграа важна улога скоро во сите конфликти и успеаја да постигнат такви успеси кои не можеа да ги постигнат самите држави кои ги ангажираа или пак, покажаа подобри резултати и од голем број меѓународни организации меѓу кои и Обединетите нации.

[31]Славески С., *Безбедносен систем*, Европски универзитет, Скопје, 2009.

# 3. ДЕФИНИРАЊЕ, КЛАСИФИКАЦИЈА И ФУНКЦИИ НА ПРИВАТНИТЕ ВОЕНИ И БЕЗБЕДНОСНИ НЕДРЖАВНИ АКТЕРИ

И покрај постоењето на огромен број најразлични приватни недржавни актери, во практика, широк спектар на луѓе, организации и активности - некои од нив респектибилни и легитимни, а некои од нив не, може да бидат вклучени во обезбедување на воените и безбедносни услугидома и во странство.[32] Тука би ги вклучиле платениците,ПВК и ПБК.

Во член 1 од Меѓународната конвенција против регрутирање, финансирање и обука на платеници од 1989 година, усвоена од Генералното собрание со неговата резолуција 44/34 од 4 декември 1989 година е дадена дефиниција за платеници. Конвенцијата стапила на сила на 20 октомври 2001 година, но досега е ратификувана само од неколку земји. Конвенцијата ја проширува дефиницијата содржана во член 47 од Дополнителниот протокол 1 на Женевските конвенции од 1949 година според која:

1. Платеник е секое лице кое:

   а) е посебно регрутирано во земјата или во странство со цел да се бори во вооружен конфликт;

   б) е мотивирано да учествува во непријателски активности во основа водено од желбата за лична добивка, а всушност му е ветено од страна на или во има на страна во судирот материјален надомест што е значително поголем од оној што им е ветен или платен на борци од сличен ранг и функции во вооружените сили на таа страна;

   в) не е ниту државјанин на страната на конфликтот, ниту е жител на територијата која е контролирана од страна во конфликтот;

   г) не е член на вооружените сили на страна во конфликтот;

   д) не е пратен на официјална должност од држава која не е на страна во конфликтот како член на нејзините вооружени сили.

[32] О.Бакрески, М.Даничиќ, Ж.Кешетовиќ, С.Митевски, *Приватна безбедност-теорија и концепт,* Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје,2015, стр.125-126

2. Исто така платеник е секое лице кое, во друга ситуација:

а) специјално е регрутирано локално или во странство со цел да учествува во заеднички акт на насилство кој има за цел: (i) да собори влада или на друг начин да го наруши уставниот поредок на државата или (ii) да го наруши територијалниот интегритет на државата;

б) е мотивирано да учествува во основа поради желбата за значајна лична добивка и е стимулиран од ветувањето или плаќањето на материјален надомест;

в) не е ниту државјанин на ниту жител на државата против која е насочен ваквиот акт;

г) не е пратен од државата на официјална должност; и

д) не е член на вооружените сили на државата на чија територија се презема актот.




Слика 2: Шкотски војници во служба на Шведскиот командант и лидер Густав Адолф за време на војната во Вестфалија (1618-1648)

Традиционално, платениците се дефинирани како индивидуи најмени да земат директно учество вовооружени конфликти. Примарната мотивација им е паричната добивка наместо лојалноста коннацијата-државата. Во однос

на приватните воени и безбедносни компании, платениците се привремени ad hoc индивидуални групи на професионални војници, најмени да служат во странските армии. Тие немаат стручност и дисциплина, не се никаде интегрирани, немаат доктрина, а можностите им се многу ограничена. Во суштина, тие не се во состојба да обезбедат ништо друго, освен директна борба на ниво на мали единици и ограничена воена обука. Во принцип, платениците немаат вештини, капитал, воспоставени методи и не се способни да извршуваат комплексни мулти-секторски операции, како што се во состојба приватните воени компании. (Табела 1).[33]

Табела 1 – Разлика помеѓу платеници и приватни воени и безбедносни компании

| Приватни воени и безбедносни компании | Платеници |
|---|---|
| - Имаат постојана корпоративна структура од корпоративен карактер, хиерархиски устроена со јасна структура | - Претставуваат привремени, ad hoc групи од индивидуални лица |
| - Претставуваат регистрирани легални компании | - не се легални, а во поголем број на случаи со закон се забранети |
| - Компаниите се маркетингшки ориентирани, односно тежнеат што повеќе да ги промовираат и рекламираат своите услуги | - делуваат во тајност и го прикриваат своето постоење |
| - Начинот на финансирање е ист како и за останатите стопански субјекти | - наплатувањето на услугите не е регулирано, воглавно се врши лично и во готовина |
| - Имаат голем и широк спектар на услуги кои ги нудат на разлучни клиенти. Имаат договори како со владите на различни држави, така и со меѓународни организации и недржавни актери | - имаат мал број на клиенти и услуги кои се сведуваат на борбени дејства. Во главно ги ангажираат бунтовници и терористички организации |
| - Имаат организациска структура, која што овозможува извршување на повеќе работи и услуги одеднаш, со дисциплиниран кадар и на многу ефикасен начин | - се ангажиараат само за извршување на една задача, ефикасноста е доведена во прашање, а дисциплината е несоодветна |

[33]LitavskiJ., *Izazovi privatnog sektora bezbednosti u novom veku*, Novi vek, CES, 2012,стр.3

Имајќи ги предвид функциите кои ги извршуваат приватните воени компании, како и нивната споредба со платениците, може да се каже дека не постои консензус и меѓународен договор со кој би се дефинирале овие компании. Токму затоа често се прави погрешната споредба и изедначување на ПВК со платениците. Фокусирајќи се на функциите кои ги извршуваат, односно услугите кои ги нудат ПВК може да се дефинираат како бизнис-провајдери на професионални услуги кои комплексно се поврзани со војувањето. Согласно на ова, ПВК се компании кои нудат широк спектар на воени услуги на разни клиенти за профит.

Класичната класификација за приватните компании што даваат услуги е двојна, и тоа: 1). Приватни воени компании (воени провајдер компании, воени консалтинг компании и воени компании за поддршка) и 2.) приватни безбедносни компании.[34]

Не може да се определи конкретна линија која ги разликува приватните воени и безбедносни компании (табела 2) една од друга врз основа на нивните примарни функции, бидејќи една иста компанија може да извршува повеќе функции и да нуди повеќе од еден капацитет во кое било време.

Табела 2 – Класификација на приватни воени и безбедносни компании според Фред Штајер и Марина Капарини[35]

| Приватни воени компании | Приватни безбедносни компании |
| --- | --- |
| - Приватни воени компании кои нудат услуги поврзани со директни воени интервенции | - Приватни безбедносни компании (фирми) кои нудат услуги од типот на физичка заштита и обезбедување на луѓе и објекти |
| - Приватни воени компании кои нудат консултантски услуги | - Приватни безбедносни компании (фирми) кои нудат консултантски услуги |
| - Приватни воени компании кои нудат логистички услуги | - Приватни безбедносни компании (фирми) кои нудат услуги од типот на физичка заштита и видео надзор |

[34] Tzifakis N., Contracting out PMSC, CES, 2012, p.11 во О.Бакрески, М.Даничиќ, Ж.Кешетовиќ, С.Митевски, *Приватна безбедност-теорија и концепт*, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје,2015, стр.130

[35]Litavski J., *Izazovi privatnog sektora bezbednosti u novom veku*, Novi vek, CES, 2012,стр.6

## 3.1. Приватни воени компании и нивна типологија

Приватните воени компании (ПВК) се дефинирани како бизнис провајдери кои обезбедуваат воени услуги, комплексно поврзани со подрачјата каде што се одвиваат воените конфликти. Тоа се фирми кои нудат специјализирани услуги во воени и конфликтни региони, вклучувајќи и борбени операции, стратешко планирање, прибирање доверливи имформации, оперативна и логистичка поддршка, обука, набавки и одржување.[36]

Тие се одликуваат со следните карактеристики:

• Организациска структура: приватните воени компании се регистрирани компании со корпоративни структури.

• Мотивираност: приватните воени компаниипред се ги даваат своите услуги главно заради профит, а не од политички причини.

ПВК значително варираат по својата големина, почнувајќи од мали консултантски фирми па се до големи транснационални корпорации. И покрај тоа што ПВК за прв пат се појавија за време на Втората светска војна, геополитичките промени и преструктуирањето на вооружените сили на многу земји после завршувањето на Студената војна доведоа до брз пораст на индустријата на приватна војска. Денес повеќе од 150 компании ги нудат своите услуги во над 50 земји.[37]

Типологијата на приватните воени компании се базира главно на функциите, односно активностите кои тие ги вршат. Се издвојуваат три главни категории на активности врз основа на кои може да се направи и поделба на компаниите:

• Воени борбени компании кои обезбедуваат сили способни за борба и сили за обезбедување. Овие видови компании во светот на ПВК се најпознати и досега имаат добиено голем публицитет во јавноста. Воените борбени компании може во рамките на својата група да се поделат на офанзивни и дефанзивни борбени компании.

---

[36]Peter W.Singer, *Theprivate military industry and Iraq:Whathavewelearnedandwheretonext?*, DCAF, Geneva, 2004, стр.1

[37]DCAF Backgrounder, *Private Military Companies,* The Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Froces, Geneva, 2006, стр. 1

- Воени консултантски компании кои традиционално нудат и обезбедуваат обука и советодавни услуги

- Воени компании за поддршка кои обезбедуваат несмртоносна помош, како одржување на оружје, техничка поддршка, деминирање и уништување на неексплодирани експлозивни направи, како и услуги за собирање на разузнавачки податоци и анализа.

### *3.1.1. Борбени ПВК*

Првиот тип на ПВК се борбените кои се вклучени во изведување на офанзивни воени борбени операции кои имаат цел да се промени стратегиското поставување во одреден конфликт или војна, како и во дефанзивни борбени операции за заштита на лица, имот и одредени капацитети. Поради нивните борбени капацитети, борбените ПВК се и најмоќните во рамките на приватната воена индустрија во смисла на нивните способности, подготвеноста за вклучување во борбени операции и непосредниотконтактво конфликтот. Борбените ПВК се најмали кога се работи за нивната вкупна бројка, но со сигурност може да се каже дека тие се најсмртоносни. Тие ги нудат услугите на фронтот на борбените операции, вклучувајќи се во директните борби лично, директно контролирајќи воени единици и слично. Борбените ПВК се способни да распоредат воени сили во обид да помогнат, да одржат или повторно воспостават политички ред, воена моќ или да ја променат стратешката контрола на војната.

Клиенти на борбените ПВК се земјите од Третиот свет со релативно слаби воени капацитети кои се соочуваат со итни ситуации од висок ризик. Обично, нивните влади се тие на кои најмногу им е потребна интервенција во воените конфликти, но и се најмалку способни да си ги дозволат воените услуги од приватните компании. Во рамките на борбените ПВК може да се издвојат офанзивни и дефанзивни приватни воени компании.

Најдобар пример за офанзивна приватна воена компанија која извршувала класични воени операции е јужноафриканската компанија „Егзекјутив Ауткамс" (ЕА). „Егзекјутив Ауткамс“ може да се дефинира како приватна воена компанија која во основа била баталјон за изнајмување

подготвен да се вклучи во борбени операции во име на нивните клиенти, било да се тоа мултинационални компании, недржавни актери или држави, со цел промена на стратегиското влијание во конфликтот. Нивниот прв договор во Африка бил со нафтените компании „Шеврон" и „Сонагол" за заштита на нивните нафтени инсталации во Сојо, Ангола. Во 1993 и 1994 година „Егзекјутив Ауткамс" била изнајмена од страна на Владата на Ангола за да обучи бројка од 4 - 5.000 анголски владини воени трупи и 30 пилоти. Во 1994 година компанијата била под договор од анголската влада да се бори со борците на УНИТА, при што помогнала да се заврши тригодишната граѓанска војна со потиснување на УНИТА и принудување на Савимби (водачот на УНИТА) да го потпише Лусака - протоколот во ноември 1994 година, во Лусака, Зимбабве. Во овој случај компанијата ЕА извршувала директни борбени операции. Влијанието на оваа компанија било толкаво што нејзиниот персонал се покажал како клучен во промената на целиот курс на војната во Ангола. Во 1994 година припадниците на оваа компанија поддржани од анголската војска ги зазеле нафтените инсталации во Сојо и рудниците за дијаманти во областа Кафуно кои ги контролирала бунтовничката група УНИТА. Воените операции на ЕА одиграле клучна и влијателна улога и во трансформацијата на анголските вооружени сили во ефективна борбена сила против бунтовничката УНИТА. Персоналот на ЕА ги обучувал анголските сили во воената тактика на моторизираната пешадија, артилеријата, инженеријата,врските, медицинската подршка и извидувачките единици.[38] Припадници на ЕА, исто така летале со воздухопловите на Военото воздухогшовство на Ангола и учествувале во специјални операции во уништување на командни места на УНИТА. За време на извршувањето на задачите во Ангола повеќе од 1400 луѓе биле активно ангажирани од страна на ЕА.[39]

Сличен е и случајот кога „Егзекјутив Ауткамс“ го прифатила и договорот воено да интервенира во Сиера Леоне на повик на Владата на Валентин Штрасер. Договорот на компанијата не содржел само обезбедување на воена обука и логистика, туку и изведување на офанзивни

[38]Howe H., *Ambiguous Order: Military Forces in African States*. London: Lynne Rienner Publishers, (2001).
[39]O'Brien, K., *„Private Military Companies and African Security 1990-98“*, in Musah, A and K Fayemi (eds), *Mercenaries: An African Security Dilemma*. London: Pluto Press. (2000)

воени операции против Обединетиот револуционерен фронт (RUF) кој контролирал голем дел од извозот на природни богатства на земјата. Помеѓу декември 1995 и октомври 1996 година ЕА лансирала серија операции кои го обезбедиле главниот град Фритаун, повторно ги зазеле рудниците за дијаманти и ги уништиле упориштата на RUF. Стратегискиот импакт на ЕА го сменил воениот баланс на сила, враќајќи ја контролата назад во владини раце. По враќањето на рудниците за дијаманти од страна на ЕА, рударските компании започнале повторно интензивно да инвестираат во рударски операции, оставајќи ја безбедноста во рацете на ЕА. За возврат, компанијата ЕА добивала одредена парична сума од Владата (месечно 1,225 милиониСАД долари[40]) , а една нејзина подружница добила рударска концесија на дијаманти. Владата на Сиера Леоне била уверена дека ЕА може да ја заврши работата за окончување на конфликтот поуспешно отколку нејзините сопствени воени сили или интернационални организации, како Обединетите нации на пример. Договорот меѓу ЕА и Владата на СиераЛеоне бил прекинат во јануари 1997 година. Еден од предусловите за мир од страна на RUF бил ЕА да ја напушти земјата. Прекинувањето на договорот со ЕА подоцна се покажало како фатална грешка на тогашниот претседател Кабах бидејќи сеуште постоела нестабилност, борби на одредени места и можност за воен удар пред доаѓањето на мировниците на ООН.

ЕА претставувала пионер во ПВК кои изведувале класични воени операции. За време на нејзиното инволвирање во воените операции во Субсахарска Африка во 90-тите години од минатиот век, таа станала лидер на пазарот во рамки на приватната воена индустрија, притоа трасирајќи го патот за развивање на други ПВК, кои освен борбените операции можат да понудат и други специјализирани воени услуги.

Во групата на приватни компании кои обезбедуваат борбени услуги влегуваат и оние кои обезбедуваат класично вооружено обезбедување. Во овој контекст треба да се прави разлика помеѓу услугите кои ги нудат ПВК и услугите за обезбедување од цивилните структури. Во овој труд се опфатени оние услуги кои спаѓаат во делот на воени безбедносни услуги. Во оваа смисла

[40]Rubin, E., *„The Case for the Mercenary Army“*, Australian Defence Force Journal, Vol 126, September/October, 1997, стр.47

овие услуги претставуваат замена за конкретна воена функција. Разликата која треба да се направи е дека воени услуги се тие каде одреден број на вооружен персонал е со таков број и со таков интензитет што услугите кои ги нуди, разумно може да се сметаат за замена на улогата на конвенционална воена сила. Така, наместо зголемувањето на силите, ПВК ја заменуваат улогата на конвенционалните воени сили.

Оваа група на ПВК главно обезбедуваат услуги за безбедност како: заштита и обезбедување на важни објекти, имоти, контролни точки, воени бази, конвои, воен персонал, НВО, високи личности, лично обезбедување во конфликтни средини итн. Веројатно овие ПВК, кои се на некој начин поттип на ПВК кои обезбедуваат борбени услуги, ги нудат најголемиот број на воени услуги. По природа, тие се дефанзивни бидејќи се вклучуваат во борба само кога постои директна закана кон нив или нивните клиенти. Поради ова тие сенарекуваат уште и дефанзивни борбени компании.

Услугите на овие компании ги користат државите, НВО, ООН, хуманитарни организации, организации како НАТО и земји од Третиот свет зафатени со конфликти, но и енергетски и рударски компании, телевизиски компании за нивните новинари итн. Инволвирањето на компаниите е од исклучителна важност за наведените субјекти во состојбана војна, конфликт или поствоена реконструкција. Покрај тоа што неспорно добиваат квалитетна заштита, ангажирањето на ПВК претставува ефективен начин за менаџирање на политичките ризици.

Една од најпознатите приватни воени компании која се вбројува во оваа категорија, секако е познатата, но и екстремно контроверзната „Блекввотер“, која својот најголем раст и слава ги имаше за време на војната во Ирак од 2003 година. Основана во 1997 година од Ерик Принц, поранешент припадник на „СЕАЈТ - специјалните сили на САД „Блекввотер“ обезбедуваше воени безбедносни услуги за потребите на државата и за разни компании ширум светот, како лично обезбедување за воени и дипломатски мисии. Колкаво е значењето и важноста што им се давало и се уште им се дава на овие компании, зборува податокот дека првиот договор за обезбедување „Блекввотер“ го направил со ЦИА во Април 2002 година (договорот бил за период од 6 месеци во вредност од 5,4 милиони САД долари), а за заштита на

базата на ЦИА во Кабул, Авганистан. На почетокот на 2003 година компанијата „Блеквотер“ била подготвена да добие и да одработи и други договори со започнувањето на војната во Ирак.[41]

Примарната мисија на компанијата за време на војната во Ирак од 2003 година била спроведување на воено обезбедување. Добивајќи некои од првите договори во Ирачката војна, „Блеквотер“ ја добил задачата за обезбедување на привремената коалициска власт (ПКВ) која владеела во Ирак непосредно по уривањето на режимот на Садам Хусеин. На 28 август 2003 година „Блеквотер“, без никаков тендер, го добил ексклузивниот договор да обезбедизаштита за ПКВ. За потребите на овој договор „Блеквотер“ обезбедил 36 поранешни припадници на специјалните сили, специјални тимови со кучиња и три хеликоптери. Најголемиот дел од договорите на „Блеквотер“ дошле од договорот за услуги за лична заштита од Стејт Департментот, од кој до крајот на 2004 година приватните воени компании добиле федерални договори во вредност од преку една милијарда долари.[42]

Слика3: Лого на приватните воени компании „Executive outcomes“ и „Blackwater“

Веќе претходно е спомнато дека „Блеквотер“ е една од најконтроверзните, ако не и најконтроверзна приватна воена компанија која била инволвирана во операциите во Ирак. Иако дефанзивна по карактер, компанијата „Блеквотер“ била вклучена во многу инциденти кои вклучувале директни престрелки со бунтовниците. Така еден од поголемите инциденти, кои го одбележале вклучувањето на приватна воена компанија во борба, била

[41]Pelton, R., *Licensed to Kill: Hired Guns in the War on Terror*, NY:Crown Publishers, 2006, стр.36
[42]Scahill, J. *Blackwater: The Rise of the World's Most Powerful MercenaryArmy.* New York: Nation Books, 2007, стр.216-217.

заседата на припадници на „Блекветер" во Фалуџа во март 2004 година од страна на сунитските бунтовници. Притоа четворица од обезбедувањето на конвојот со храна и опрема биле пресретнати во заседа. Конвојот бил нападнат со рачни фрлачи на гранати, а потоа и со пешадиско оружје, по што следела долга престрелка. Друг случај претставува престрелката во Наџаф во август 2004 година, кога вработени на „Блекветер", салвадорски мировници и американски маринци, се вклучиле во четиричасовната борба против шиитски востаници за заштита на американска армиска инсталација. За време на оваа борба на помош биле повикани дополнителни воени сили, но симултано припадниците на „Блекветер" успевале да ги одбијат нападите, а со хеликоптерите да извршат извлекување на ранетите и да достават дополнителна муниција. Со ваквите инволвирања во борба иако во дефанзивна улога, акциите на „Блекветер" го зголемиле кредибилитетот на компанијата и перцепцијата дека таа може во целост да ги исполни договорите без разлика на средината и опасноста во која се изведуваат операциите.[43]

Покрај „Блекветер", познати се и многу други случаи на ПВК инволвирани во борба како резултат на тоа што биле ангажирани како обезбедување. Во градот Кут персонал од „Трипл Канопи" се вклучил во борба со бунтовниците за да обезбеди заштита на цивилниот персонал скоро три дена, се додека не се појавил недостаток на муниција. И во овој случај наведената ПВК успеала да го спаси цивилниот персонал со ризично повлекување и евакуација кон аеродромот во Кут. Сличен случај е кога персонал на „Харт Групацијата" се нашол во позиција да биде опколен од бунтовниците, во ситуација кога ги заштитувал цивилиите работници без поддршка од коалициските сили кои се повлекле за време на борбата.[44]

Меѓутоа, она што ги прослави дел од ПВК, за жал, во негативна смисла и привлече огромно медиумско внимание, беше инцидентот кој го предизвика „Блекветер" на 16 септември 2007 година. Четворица припадници на оваа ПВК при обезбедување на дипломатски конвој отвориле оган на невооружени цивили на плоштадот Нисур во Багдад, при што загинале 17 лица меѓу кои и

[43]McCallum, S., *From Gun to Briefcase: The Rise of the Private Military Firm1990-2007*, unpublished thesis, Drexel University, Philadelphia, 2007, стр.59
[44]Isenberg, D., *Fistful of Contractors: The Case for a pragmatic assessment ofPrivate Military Companies in Iraq*, British American Security InformationCouncil 329, Research Paper No 4, September, 2004, стр.31

жени и деца. Инцидентот бил наречен „Багдадска крвава недела“ и е запишан во историјата како најкрвавиот напад на Ирачани од страна на американска приватна воена компанија за време на 10-годишниот конфликт во Ирак. Овој инцидент своја завршница доби во 2014 година по 11-неделно судење кога поранешните припадници на „Блекvotер“ беа осудени на строги затворски казни од по 30 години, а нивниот водач на доживотна затворска казна.[45]

### *3.1.2. Консултантски приватни воени компании*

Вториот вид ПВК се воените консултантски компании. Овие компании даваат услуги за поддршка на воените операции, како давање совети за офанзивни тактички одговори, воени советодавни услуги кои покриваат области од реструктуирање на вооружени сили, совети за набавка на воена опрема, оперативно планирање, па се до советување во врска со воената тактика и можеби најважното, давањето воена обука за стекнување воени вештини како ракување со оружје и системи на орудија, борбени маневри, обука за високотехнолошки оружја и орудија, разузнавачка обука итн. Овие услуги се нудат за вооружените сили на голем број неразвиени земји, земји во развој, но ги користат и развиените земји. ПВК кои обезбедуваат консултантски услуги во минатото биле изнајмувани да асистираат во земји од Третиот свет зафатени од конфликт како Либерија, Мозамбик, Нигерија, Судан или пак, биле најмувани од развиените земји да интервенираат во земјите од Третиот свет со цел да ги обучат нивните вооружени сили за време на конфликт, како на пример МПРИ за време на Балканските конфликти и во Ирак 2003 година. Покрај наведеното, овие компании имале значителна улога и во преструктуирањето на вооружените сили на одредени држави.

Може да се каже дека воените консултантски компании се занимаваат со воени услуги кои на некој начин се офанзивни по нивната природа, но во контекст надвор од рамките на вооружена борба. Со други зборови, делокругот на овие ПВК е тактичкото опкружување во конфликтна средина или вооружените сили со кои треба да се изврши промена во одредено стратегиско опкружување во конфликт или во војна, но без директно вмешување во борбените операции со употреба на оружје. Услугите кои се даваат може да

[45] https://en.wikipedia.org/wiki/Nisour_Square_massacre- пристапено на 09.05.2016г.

имаат доста значаен исход за стратегискиот развој на конфликтот.

Во рамките на овие ПВК најголемите услуги кои се нудат се воената обука и советодавните услуги кои не се поврзани директно за борбените операции, но сепак имаат влијание и стратегиски офанзивен импакт на одреден конфликт или воена структура на одбранбените сили на клиентите. Ова е затоа што овие воени услуги ја зајакнуваат способноста на одредени вооружени сили акпгивно да војуваат и директно да се вклучат во борба. Така, некои ПВК, меѓу другите услуги, нудат и обука за противтерористички операции и воена обука која вклучува обука на специјални сили. Задачата на ПВК од оваа категорија е да го зајакне менаџментот и обуката на вооружените сили на нивниот клиент, но да не се вклучува во борба. Тие имаат капацитет да одиграат клучна улога во подготовките за вооружени операции или дури и при командување за време на вооружените операции, со давање совети за употреба на оружјето и единиците.

Како и да е, развиените земји ги користат овие ПВК во одредено време на таков начин со цел да обезбедат стратегискиот баланс од конфликтите да се сврти кон политичките агенди на развиените земји. Понатаму, тие работат со земјите од Третиот свет зафатени од конфликти со цел превенирање на враќање на насилство. Нивни клиенти се и армиите кои се наоѓаат во процес на преструктуирање, стремејќи се притоа да се здобијат со воени капацитети и да ги зголемат или намалат силите. Во најголем дел услугите на ПВК се обезбедуваат за време на конфликт и во постконфликтна средина, без нивно директно воено ангажирање, но сепак можат индиректно да бидат поврзани со борбените операции, како оние на МПРИ на Балканот.

Веројатно водечки пример за приватна воена консултантска компанија е МПРИ. Компанијата е со седиште во САД, примарно обезбедува воена обука, доктринарна анализа и операции на воени игри во Европа, Африка, Азија и Блискиот Исток. Компанијата има добиено неколку договори, како на пример со Бошњаците, Тајванците, шведските вооружени сили и Програмата за демократска транзиција на Република Хрватска. Најсилните врски на МПРИ се владините агенции на САД како Стејт департментот, Канцеларијата на секретарот за одбрана, Армискиот борбен колеџ и други агенции од кои или за кои била изнајмена. Во својот состав МПРИ вклучила и посебен сегмент

наречен МПРИ бродска аналитика специјализирана за поморска обука и симулации кои посебно внимание обрнуваат на растечката опасност од пиратството.[46]

Во 1994 година за време на Балканскиот конфликт, МПРИ била најмена од хрватските вооружени сили за да дизајнираат програма за обука за подобрување на ефикасноста, квалитетот и капацитетите на хрватската армија. Ова резултираше со лансирањето на исклучително успешната офанзива на хрватската армија во 1995 година против српските сили во Краина, односно операцијата „Бура". Во операцијата е користена американска тактика, како интегрирани воздушни, артилериски и пешадиски движења и употреба на борбени маневри за уништување на српските мрежи за командување и контрола. Воената обука и експертизата на МПРИ несомнено довела до огромните успеси на хрватската армија и неминовно ја покажува индиректната врска со борбените операции. Во Балканскиот конфликт, МПРИ го добила договорот со Босанците за обука и опремување на нивните вооружени сили. Целта на овој договор била МПРИ да интегрира и да изгради босанска армија од Муслиманите и Хрватите, а против босанските Срби. Во овие напори МПРИ започнала со Школа за воена доктрина и борбени симулации и изградила огромно стрелиште близу Ливно во Западна Херцеговина, која била под контрола на босанските Хрвати.

По Балканските конфликти, МПРИ влезе на пазарот на Блискиот Исток со договори со Саудиска Арабија, кои вклучувале анализа на закани, воена доктрина, организација на штабови, менаџмент на сили, развивање и интеграција на сили. МПРИ бил активен и во Кувајт со обезбедување на воена обука на ниво на чета и на баталјон. На африканскиот континент познат е договорот за обезбедување на обука на Африканската иницијатива за одговор на кризи, програма за обука создадена во 1996 година за создавање на африкански мировни сили.[47]

Во 90-тите години од минатиот век компанијата МПРИ била активна и

[46]Ortiz, C., *„The private military company: An entity at the centre of overlappingspheres of commercial activity and responsibility"*, in Jager, T and G Kummel (eds), *Private Military and Security Companies: Chances, Problems, Pitfalls and Prospects.* VS Verlag, 2007, стр.63

[47]Singer, P. W., *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry.* Ithaca: Cornell University Press, 2003, стр.130-132.

во Колумбија, како дел од „Планот Колумбија“, стратегија иницирана и финансирана од САД (во вредност од 7,5 милиони САД долари) за елиминирање на трговијата со кокаин. МПРИ требало да ја редизајнира и да помогне во реформирањето на колумбиската војска за справување со операции за борба со дрога, а потоа војската да ја обучи во против-герилска борба. Области во кои најмногу се работело се планирањето, воените операции, логистиката, разузнавањето, обуката и менаџментот со персоналот.[48]

Слика4: Лого на консултантска приватна воена компанија „MPRI“

Мора да се напомене дека постои тенка, но многу значајна линија помеѓу вршење обука на некои владини воени сили и борба рамо до рамо со истите сили во име на воена обука. ПВК како МПРИ имаат стратегиско влијание и импакт на политичката и воената средина на земјите во кои тие оперираат. Повеќето од овие ПВК не се пасивни во нивните програми за обука,кои за разлика од борбените ПВК, се обидуваат да функционираат во рамки на неборбени капацитети, додека од друга страна, се обидуваат да ја одржат офанзивната природа на нивните услуги.

### *3.1.3. Приватни воени компании за поддршка*

Како последни од спектарот на ПВК се наметнуваат приватните воени компании за поддршка кои даваат услуги кои се несмртоносни по својата природа. Кај нас постои мислење дека токму овие компании ги претставуваат приватните воени компании, иако тие се само еден дел од нив.

Овие ПВК инволвирани во давањето на услуги за борбена поддршка не мора неминовно во својот состав да имаат персонал кој потекнува од редовите на војската и главно не се инволвирани во борбите. Тие најчесто се ангажираат

[48]Fulloon, M. *„Non-stateactor: DefiningPMC“*, Strategic Review for Southern Africa, Vol 37, No 2, стр.45

да обезбедат некаква воена предност на клиентот кој ги ангажира (посебно армиите) како поддршка и олеснување на нивните логистички единици во борбените операции. Токму ваква компанија претставува компанијата „Келог, Браун и Рут“ (КБР).

Иако компаниите обезбедуваат услуги кои не се смртоносни по нивната природа, сепак тие имаат влијание во рамките на стратегиската природа наконфликтот. Тие не обезбедуваат директен потенцијал за спроведување наборбените операции, но давањето на нивните воени услуги сепак го зајакнува воениот потенцијал и капацитетите на клиентот. Воените услуги кои се нудат впрочем, повеќе се насочени да играат улога за поддршка на армиите било да етоа за развиените земји или за земјите од Третиот свет.

Најголемиот дел од клиентите кои ги користат услугите на овие ПВК се земјите од Првиот и Третиот свет вклучени во краткотрајни или долготрајни воени интервенции, како САД во Ирак, или државите кои едноставно сакаат да го приватизираат неборбениот дел од нивните воени капацитети. Иако овие ПВК не учествуваат во планирање или извршување на директни воени операции, тие обезбедуваат услуги кои потпаѓаат во рамките на воената сфера и се критични за воените операции. Широкиот опсег на услуги за поддршка како и логистички услуги ги вбројуваат овие ПВК како есенцијални актери при распоредувањето и одржувањето на повеќето од западните сили во конфликтните региони како Ирак, Авганистан, Колумбија, африканскиот континент итн. Оваа класификација, исто така, вклучува ПВК кои ги одржуваат високотехнолошките оружја и воена опрема. Понатаму, тука се вклучени и ПВК кои се занимаваат со деминирање, односно уништување на експлозивни направи како БАТЕЦ (BATEC) или РОНКО (RONCO) на пример.[49]

Услугите на ПВК за поддршкаги покриваат логистиката, транспортот, медицински третмани, санитарни работи, снабдување со вода и струја, снабдување и подготовка на храна, хуманитарни операции, заштита на бегалци, или административни работи. Специјализираните ПВК за овие функции покриваат широк спектар на операции, почнувајќи од постконфликтна реконструкција па се до транспорт на тешки материјали,

[49]Fulloon, M. „*Non-stateactor: DefiningPMC*“, Strategic Review for Southern Africa, Vol 37, No 2, стр.46

воздухопловен транспорт, производство на оружје, ИТ софтвер и хардвер, операции за чистење на мини и уништување на експлозивни направи, медицински услуги, комуникации, одржување итн. ПВК имаат обезбедувано вакви воени услуги во голем број земји од Третиот свет, како Либерија, Јужен Судан (Дарфур), Мозамбик, Етиопија, Еритреја, при што соработувале заедно со борбените компании, како што на пример е „Пацифичките архитекти и инженери" (ПАЕ) која го транспортирала персоналот на „Егзекјутив Ауткамс" во Ангола и во Сиера Леоне. Понатаму „Дајнкорп" и ПАЕ обезбедувале логистичка поддршка на силите на ОН во Сиера Леоне, експертизата на „Ерскен" ја довела оваа компанија во Ирак да извршува ноќно воздушно набљудување на нафтоводите и инфраструктурата на нафтените полиња, а „Титан Корпорацијата", најголемиот профит го остварила со обезбедувањето на преведувачи за потребите на американската војска. Таква компанија која е специјализирана за логистички услуги е и „Аир Групацијата" која е сместена во Дарфур, Судан. Таа е специјализирана за воздухопловни логистички услуги и има обезбедувано поддршка на персонал од Африканската унија. „Аир Групацијата" оперира со флота од воздухоплови во регионот на Дарфур, при што го одржува текот на персонал, резервни делови и потрошни материјали со способност да дојде до тешко пристапни места. До 2009 година компанијата забележала 10.000 часови лет при што транспортирала 23.000 патници вклучувајќи и персонал на ОН, 14.000 тони товар и милион галони авионско гориво за мировните сили на Африканската унија. Во 2009 година обезбедила и хеликоптери за „Суприм" - компанијата за храна со кои директно се снабдувала мисијата за дистрибуција на храна за силите на ИСАФ во Авганистан.ПВК за поддршка играат клучни улоги во Третиот свет каде меѓународната заедница како ОН или развиените земји константно покажуваат растечка поддршка за нивните логистички воени услуги. Така, администрацијата на Џорџ Буш Помладиот создаде рамка, која на некој начин ги премости ПВК и воените сили на САД, позната како Логистичка програма за цивилно зголемување (LOGCAP).[50]

Веројатно најдобар пример за компанија за поддршка е „Келог, Браун и Рут" (КБР), која е дивизија на „Халибартон". Може да се каже дека КБР стана

[50]Wright, D. and Brooke, J., *„Filling the Void: Contractors as Peacemakers in Africa"*,*African Security Review*, Vol 16, No 4, 2007. стр 105-110.

неразделен дел од вооружените сили на САД по завршувањето на Студената војна. Од 1992 година оваа компанија има распоредено свој персонал во Авганистан, Ирак, Албанија, БиХ, Хрватска, Грција, Хаити, Унгарија, Италија, Косово, Македонија, Саудиска Арабија, Сомалија, Турција, Узбекистан и Заир.. Примарната функција на КБР за вооружените сили глобално е логистиката, како набавките, одржувањето, транспортот на воен материјал, одржување на воени објекти, или со други зборови, поддршка и снабдување на вооружените сили со неборбени воени услуги.[51]

Слика5: Лого на приватните воени компании за поддршка

Спектарот на операции иа КБР е доста богат. Како позначајни операции може да се спомнат оние за поддршка на Армијата на САД во Сомалија каде компанијата КБР обезбедувала транспорт и ги снабдувала трупите со храна. Веројатно најголемиот договор што компанијата го добила пред Ирачката војна е обезбедувањето на логистичка поддршка на силите на САД за време на Балканскиот конфликт буквално со се, почнувајќи од прочистување на водата па се до репатријација на загинати припадници на армијата. Во 1995 година компанијата КБР добила договор за обезбедување на логистичка поддршка на војниците на САД кои учествувале во мировната мисија на НАТО (IFOR). Други операции вклучуваат поддршка на воените операции во Руанда за помош на бегалците, операцијата во Хаити за притисок на транзицијата на Хаити кон цивилна власт. Во сите овие операции КБР извршувала голем број на логистички услуги за американските војници, а само мал дел се: градежни работи, транспорт, ракување со товар, храна и перење, снабдување со

[51]Singer, P W (2003), *Corporate Warriors: The Rise of the Privatized MilitaryIndustry*. Ithaca: Cornell University Press, 2003, стр.136-139.

струја,снабдување со гориво, противпожарни услуги, поштенски услуги итн.[52]

## 3.2. Приватни безбедносни компании

Иако терминот „приватните безбедносни компании"е во употреба во многу земји во точното значење на овој терминот се водатмногу дискусии. Годард ги дефинира ПБК како „регистрирана цивилна компанија која е специјализирана во обезбедување на договорени услуги од комерцијална природа, домашни и странски клиенти заради заштита на луѓето, хуманитарните работници или индустриски комплекси во рамките на законот на државата во која таквата активност се одвива"[53]. А подетално дефинирање на ПБК гласи: „ПБК е јасно структурирано и хиерархиски корпоративно регистрирано здружение што обезбедува услуги од безбедносен карактер, натпреварувајќи сесо други такви фирми или компании од ист карактер за дабивање работа на пазарот".[54]

Потребата за ПБК постојано се зголемува поради економски, демографски и политички промени во општеството. Во исто време, државата ја намалува директната одговорност за јавната безбедност и пренесува на други субјекти. Со цел да им се обезбеди максимална флексибилност и најдобар сооднос на цена и побарувачката, овие функции се повеќе се пренесуваат на приватниот сектор за безбедност. Во повеќето западни земји, сопствениците на приватни куќи, претставници на локалните заедници и приватниот сектор повеќе се потпираат на приватната безбедност, отколкуна полицијата финансиранаод данокот на граѓаните, од страв од криминал, намалување на полицијата и сомневања во врска со ефикасноста на целиот кривично правен систем. ПБК како резултат на ваквите движења, станаа одговорни за обезбедување на јавниот ред и мир и заштита и обезбедување на јавниот и приватен имот во многу широк спектар на локации. Областите на дејствување се проширијанаподрачјата со висок ризик, како што се нуклеарни централи, критичната национална инфраструктура, банки, амбасади и аеродроми. Услуги

[52]Foreign & Commonwealth Office (2001), *Private Military Companies: Options forRegulation, HC577*, The Stationary Office, London. (достапно на: www.fco. gov.uk/Files/kfile/mercenaries.o.pdf) пристапено на07.05. 2016.)
[53] maj Scott C. Goddard, *The Private Military Company: A Legitimate International Entity Within Modern Conflict*, Fort Leavenworth, Kansas, 2001, стр.8
[54] M. Milošević, P. Petrović, J. Unijat, 2010, str.56 во Jan Litavski, *Izazovi privatnog sektora bezbednosti u novom veku*, Novi vek, CES, 2012,стр.5

кои ПБК ги обезбедуваат се проширијаи на управувањето со затворите, регулирање паркинг, обезбедување на заштитата на сведоци и судска безбедност, обезбедување на безбедноста на јавни собири, во придружба на транспортот на стока со висок ризик, како што се транспорт на гас, хемикалии, затвореници, ментални пациенти, воени патроли бази и центри за обука, обезбедување на имигрантски центри и разни други услуги.

Пазарот на приватните безбедносни компании постои многу подолго, многу е поголем и конкуренцијата е многу поостраза разлика одПВК. Двете главни карактеристики на ПБК се:тежнеење за профит и тргување преку обезбедување на услуги и заштита на внатрешната безбедност. Повеќето од овие компании се мали и се фокусираат на спречување на криминалот и обезбедување на јавниот ред и мир, како и на услугите на приватни обезбедување во внатрешниот пазар. Во многу земји, како САД, Велика Британија, Израел, Германија, Русија, Јужна Африка и на Филипините, големината на буџетот ПБК го надминува буџетот на полицијата. Мал број на ПБКсе организирани во согласност со системот на големи компании и ги делат истите корпоративни принципи и командна структура како ПВК.ПБК кои спаѓаат во оваа група се барани, главно, од страна на странски клиенти и се ангажираат во неколку земји, особено во кризните региони.

Најдобар пример за експанзија наПБК претставува Ирак. Индустријата наПВК и ПБК во Ирак има испратено повеќе од свои припадници од било кој друг член на коалицијата. Бројот на луѓето кои доаѓаат од овој сектор е речиси еднаков на бројот на коалиционите сили заедно, освен за војниците на САД.[55] По правило, ПБК се на платниот список на САД директно или индиректно, преку поддоговор со компании ангажирани во реконструкцијата на Ирак. Многу цивилни чувари како „независни изведувачи“ ангажирани од страна на помали компании, се јавувааткако подизведувачи на големите безбедносни компании, коипак, се изведувачина државата од страна на којасе ангажирани. Оваа сложена мрежа на односи во пракса често значи дека владите немаат вистинска контрола врз ПБК кои се на платен список на државата. Друг аспект на овој проблем е дека земјата на овој начин јаизбегнува одговорноста за

---

[55]Fred Schreier and Marina Caparini,*Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies,*Geneva, march 2005, стр.42

злосторствата извршени од страна на силите кои се вклучени. Комбинацијата на несигурност, недостаток на законската регулатива и милиони долари инвестирани во реконструкцијата создаде голем и моќен пазарот на безбедносните служби во зоната на конфликтот во Ирак. НовитеПБК агресивно се натпреваруваат за профитабилни договори во ова заматено опкружување.

Табела 3 – Разлика помеѓу услугите кои ги нудат приватни воени компании и приватните безбедносни компании [56]

| Приватни воени компании | Приватни безбедносни компании |
|---|---|
| -Учествуваат во директни воени дејства | - физичка заштита и обезбедување на луѓе и објекти |
| -Обука и тренинг | - физичко-технички работи, видео надзор на објекти и инсталирање на техничка заштита |
| -Консултативни услуги и совети | - Детективски услуги |
| -Логистичка поддршка | - Консултантски услуги, обука и тренинг, за организации од овој тип, чија индустрија е насочена за странство |
| -Оддржување и поправка на опрема и средства | - Обезбедување на витална инфраструктура од национален интерес, фабрики и нафтоводи, за организации од овој тип, чија индустрија е насочена во странски земји |
| -Деминирање на терен | - Заштита на персоналот кој извршува хуманитарни активности и заштита на конвои |
| -Прибирање на разузнавачки информации | - Разузнавачки услуги, обука и тренинг, за организации од овој тип, чија индустрија е насочена за странство |

[56]Jan Litavski, *Izazovi privatnog sektora bezbednosti u novom veku*, Novi vek, CES, 2012,стр.7

Иако приватните воени и безбедносни компании се релативно нови во меѓународната безбедност, тие се повеќе се признати од страна на владите, граѓанското општество и меѓународните организации како легитимен актер што може да има позитивно влијание врз меѓународната безбедност.[57]



Слика 6: Современи приватни безбедносни и воени компании

[57]http://www.e-ir.info/2009/10/02/private-military-security-companies-and-the-pursuit-of-legitimacy/пристапено на 17.08.2016 година

# 4. ОПРАВДАНОСТ ОД УПОТРЕБАТА НА ПВК

За подобро да ги разбереме условите за појавата на ПВК, неопходно е да се запознаеме со широките и многубројни фактори на меѓународното опкружување, а пред се со фактичката состојба и последиците во воено зафатените региони. Оценката на елементите и процесите во интернационалното опкружување беа од клучно значење во изборот на стратегиските варијанти. Клучните фактори на меѓународното опкружување влијаеа на позиционирање на ПВК, а тоа се: политиката, економијата, законите, социјалната и културна средина, религиозната определеност на земјата која е зафатена со воениот оган. Главно постојат два фактори, односно причини поради кои услугите на ПВК се користат денеска, а тоа се: економските и политичките.

Еден од главните аргументи за поддршка на зголемената инволвираност на ПВК во современите воени операции во поново време секако се парите кои тие им ги заштедуваат на државите кои ги најмуваат. Заштедите на пари сепак се предмет на дебати, но и покрај тоа владите тврдат дека сумите кои се заштедуваат со користењето на услугите од приватните компании се изразуваат во милиони. Како најголеми заштеди за државите и нивните влади претставуваат специјализираните воени услуги. Како пример ќе ги земеме САД кои се поприлично зависни во овој дел од приватните компании токму како резултат на технолошките иновации од цивилните структури. Конкретно, напредокот во информатичката технологија бара војската да мора да побара помош од надвор. Една од причините зошто вработените во приватните компании имаат контрола на ваков вид опрема е дека најголемиот дел од воениот персонал не располага со доволно искуство и стаж за да ги развие бараните вештини со цел да ја одржува и да ракува со оваа опрема. Честопати некои специјални услуги се најмуваат бидејќи не е логично војската да инвестира во некоја област која релативно е мала, има потреба да се реализира за краток временски период, а згора на тоа и би требало да обучува персонал за тоа.

Политичките причини, како што претходно е наведено, пред се се огледаат во тајната употреба на ПВК во одредени чувствителни области и подрачја. Често занемарена причина за инволвирање на приватните воени компании е дека

стратегијата на нивна тајна употреба им овозможува на САД да обезбедуваат неофицијална помош на одредени групи во услови каде самите САД можат да се соочат со контроверзност или прекршување на стандардите на неутралност и сл. Како и да е, овие политички мотиви често се критикувани бидејќи ја поткопуваат транспарентноста на употребата на ПВК, а покрај тоа ја оставаат можноста за разноразни злоупотреби.

Може да се каже дека податоците за економската оправданост на приватните воени компании се различни. Персоналот на приватните воени компанииможе да биде прилично скап; просечните плати се движат од 400-1000 американски долари на ден. Тврдењата дека приватните воени компании се поекономски оправдани отколку да се одржуваат постојани армии обично се темелат врз следните аргументи:

- Приватните воени компании може да вработуваат персонал кој честопати значително помалку е платен;
- Владите или организациите кои ги изнајмуваат, не мора да им обезбедат на приватните воени компании бенефиции како што се пензии, здравствена заштита, место за живеење, итн., со оглед на тоа што тие обично се вклучени во договорот;
- Приватните воени компании имаат способност веднаш да го зголемат бројот на силите, што честопати се случува кога војската е подложена на брзи намалувања. Со ова и самите армии можат да се концентрираат и подготват за одредена мисија за многу краток временски период;
- Со извршувањето на основните неборбени операции, приватните воени компании и овозможува на војската да ги фокусирасилите на клучните задачи. Како пример може да се спомене обезбедувањето на високи официјални лица, при што наместо користење на персонал од специјалните единици се користи персонал од приватните воени компании, а специјалните единици се користат „таму каде што навистина се потребни“.

Сепак при разгледувањето на економската оправданост, во предвид треба да се земе и следното:

- Бидејќи приватните воени компании се исплаќаат договорената клаузула, а не по бројот на војници распоредени на теренот, тешко е да се спореди нивната ефективноство однос на редовната војска.

• Вработените во приватните воени компаниичестопати добиле и помилеобука обезбедена од државата, како поранешниприпадници на националните армии. Кога ќе ја напуштат војската поради подобро платена работа во приватниот воен и безбедносен сектор оваа обука е ефективна субвенција за операциите на приватните воени компании.

• неколку или повеќе под-договорени практики во кои еден договор поминува низ неколку различни компании, може значително може да ги намалат придобивките на полето на ефикасноста.[58]

Треба да се спомене дека услугите на ПВК може да бидат многу поскапи отколку самите воени единици, посебно под услови кога државите сакаат исто ниво и квалитет на услуга како онаа што ја обезбедува војската или кога постои висок ризик од опасност. Последново посебно до израз дошло во Ирак. ПВК морале да се справат со побарувачката и понудата на услуги. Големата побарувачка за безбедност предизвикана од ситуацијата во Ирак го креирала и пазарот, при што и цените на услугите растеле. Така, како пример може да се наведе персоналот кој работел за ПВК од САД во Колумбија на кој му биле нудени и до трипати поголеми плати за да се премести и работно да се ангажира во Ирак. Примањата на вработените во ПВК дури достигнувале и до два или три пати повеќе во однос на примањата на припадниците на воените сили.

Сепак, за да се одреди компаративно цената на примањата, треба да се споредат повеќе елементи отколку само платите. Активниот воен персонал, како што е наведено и погоре, добива и други бенефиции освен платата кои го прават доста поскап. Но од друга страна, постојат и други трошоци за ПВК како што е осигурувањето. Осигурувањето за воениот персонал е веќе решено, но ПВК мора да плаќаат дополнителни премии кога го распоредуваат персоналот во ризични подрачја. Во случајот на Ирак безбедносната ситуација била многу полоша отколку што сеочекувало на почетокот, па така и осигурувањето се зголемувало, а овие трошоци оделе на државната сметка на САД.

---

[58]http://psm.du.edu/media/documents/reports_and_stats/think_tanks/dcaf_backgrounder_private_military_companies_mac.pdf/пристапена на 28.04.2016г.

## 4.1. Ефективноста на приватните воени компании во споредба со регуларните воени сили

Често се поставува прашањето дали ПВК можат да бидат исто толку ефикасни како што се и регуларните воени единици во современите услови на војување. Употребата на приватните воени компаниинудат одредени оперативни предности, во однос на регуларните воени сили, нудат одредени оперативни предности како на пример:

• Брзо распоредување и флексибилност. ПВК имаат способност многу брзо да обезбедат капацитети за дополнително распоредување на сили. Без непотребно губење време околу бирократски и политички прашања во врска со мобилизирање на воените сили, ПВК веќе можат да ги придвижат своите сили со цел да исполнат широк спектар на воени задачи. Согласно ова, како што овие сили многу брзо може да се појават така и многу брзо можат да исчезнат кога опасноста поради која се ангажирани ќе ја снема или локалните воени сили ќе бидат обучени.

• ПВК можат да обезбедат сили кои даваат специјални услуги. Овие компании многу полесно можат да соберат сили кои најмногу се потребни во даден момент. Компаниите регрутираат од датабази во кои има најчесто пензиониран воен персонал. Ова им помага да најмат луѓе со соодветно искуство за одредена задача. Така на пример, приватните воени компании може да регрутираат поранешни воени полицајци, припадници на специјални сили, персонал од областа на цивилно-воена соработка итн. ПВК исто така може да регрутираат персонал со одредени вештини (пр. јазична или друга експертска област) или соодветно искуство (пр. воспоставување на ред по цивилни војни). Многу им е потешко нанационалните воени организации да најдат персонал со посебни вештини и искуство за кратко време и истите да ги распоредат во одредено конфликтно подрачје.

• ПВК можат да регрутираат интернационално. Тие во својот состав можат да имаат персонал со соодветни вештини и искуство од целиот свет;

• загриженоста кај јавноста е помала во однос на употребата на сила. Вообичаено, испраќањето на ПВК во кризните подрачја политички помалку ги чини државите отколку испраќање на регуларни воени сили. На

ПВК се гледа како на субјекти кои се интересираат само за заработка, одат сами по нивни избор и нивното распоредување во странство не е исто како и распоредувањето на националните сили кои работат за својата земја. Политичката одговорност при испраќањето на ПВК е многу помала во однос на испраќање на воени единици во кризните подрачја, а и загриженоста на јавноста е многу помала кога се работи за ПВК.

- во неразвиените држави со слаби политички институции приватните воени компании дејствуваат како противтежа на локалната војска.

Без оглед на тоа дали горенаведените особинипретставуваат вистински предности, повеќето аналитичари сметаат дека приватните воени компании имаат бројни оперативни недостатоци во однос на регуларните воени сили, како на пример:

- приватните воени компании повеќе се мотивирани од профитот отколку од должноста, и затоа нивната посветеност на задачатае помала од онаа што ја има персоналот на регуларната војска;

- во нивните договори не можат да се покријат сите можни вонредни ситуации однапред, со што се намалува нивнатафлексибилна борба и можноста зазагрозувањена нивната способност во справувањетосо неочекувани ситуации;

- нивниот персонал кој не учествува во борбите не е доволно обучен за да ги зајакне воените капацитети доколку за тоа се појави потреба;

- кога приватните воени компании поради некоја причина нема да успеат во извршувањето на задачата, тоа негативно влијае на активностите и дејствувањетона регуларните воени сили да ги извршат своите задачи;

- притисокот да се намалат трошоците во овие компании може да доведе до одлуки кои ќе ги загрозат животите на нивниот персонал. На пример, по смртта на четворица вработениво компанијата Блекводер во Ирак во 2004 година се појави тврдење дека петтиот војник, кои требал да служи како заштита одзаднина, не бил испратен на задачата поради финансиски

ограничувања.[59]

Интересно е да се спомне мислењето на британскиот економист и филозоф Адам Смит, таткото на модерната економија, кој уште во 1776 година напишал дека во одбраната и армијата приватниот капитал не може да биде решение што би дало најдобри резултат кои би ги задоволиле јавните потреби на државите. Имено, според Смит, ниту една корпорација или група на граѓани не може да биде доволно мотивирана, а истовремено и доволно доверлива за да и се даде одговорноста да ја гарантира безбедноста на една земја, односно да ја финансира нејзината армија. Понатаму, Смит напоменува дека ниту едно општество не може да опстои доколку нема свои јавни органи кои би нуделе државна безбедност, би ги спроведуеале даночните политики и би гарантирале правен поредок. Резимето е дека доколку некогаш во практика се случи обратното, тоа со сигурност мора да биде спроведено од одредени центри на моќ спротивно на интересите на дадената нација.[60]

## 4.2. Контрола и одговорност на ПВК

Законскатарегулатива која се однесува на работата и ангажирањетона приватните воени компании, во сите земји е слаба, особено кога станува збор за услугите кои што се даваат во странство. Во тој контекст се поставува прашањето занедостаток на адекватен надзор. Владите можат да ги користат приватните воени компании за да ги избегнат пречкитенаметнатиод странана институционалните контролни механизми (како на пример ограничувањена бројотна војницираспоредени во странство кое што системски е регулирано со закон). Исто така, во многу држави, приватните воени компании не се обврзани да го откријат степенот на нивните активности или детали во врскасо нивните трошоци.

Персоналот на приватните воени компании, генерално не е обучен да извршува операции согласно со законите за вооружен конфликт ниту пак подлегнувана потребно ниво на воена дисциплина. Покрај тоа, приватните воени компаниилесно можат да ги прекинат своите операции, со што би се

[59]http://psm.du.edu/media/documents/reports_and_stats/think_tanks/dcaf_backgrounder_private_military_companies_mac.pdf/пристапена на 29.04.2016г.
[60]http://oll.libertyfund.org/titles/smith-an-inquiry-into-the-nature-and-causes-of-the-wealth-of-nations-cannan-ed-vol-1 - пристапено на 09.05.2016 г.

отежналопребарувањето на нивниот персонал во случај на повреда на законот.[61]

Контролата од страна на медиумите и граѓанското општество е еден од најефикасните начини за надзор на приватните воени компании. Ова ги принуди многу од нив да обратат поголемо внимание на имиџот,помогна за да се обезбеди дека вработените нема да прават криминал и злоупотреба на своите овластувања, помогна да се зголеми квалитетот на услугите кои ги нудат овие компании,иако оваа тенденцијанеможе да биде карактеризирана како универзална. Предложени се и други мерки во функција на саморегулирањето на приватните воени компании, вклучувајќи и доброволни кодекси на однесување,како што е онаа усвоена од страна на Меѓународна асоцијација за мировни операции (IPOA-International Peace Operations Association), иако истите не можат да се заменат за правила и норми.Во блиска иднина е јасно дека приватните воени компаниите останат дел од безбедноснотоопкружување и јасно е дека има потреба за подобрување на регулативата, без разлика далитоа ќе биде со меѓународни или национални начини и средства.[62]

## 4.3. Ризици од употреба на приватните воени компании

Во академските кругови честа е расправата дека бенефитите од оперативната употреба на ПВК се многукратно надминати од ризиците кои тие ги претставуваат. Главната грижа е околу злоупотребите од страна на вработените во ПВК, недостатокот на законски норми за инволвирањето на ПВК во конфликти и опасноста да се стане зависен од овие компании. Злоупотребите направени од страна на припадниците на „Блеквотер" најверојатно се најпознатите во светски рамки поради огромното медиумско покривање. Покрај „Блеквотер" постојат документирани и многу други случаи на злоупотреба, вклучувајќи ја улогата на припадниците на ПВК во скандалот со затворот „Абу Граиб" при измачувањето на ирачките заробеници.[63] Многумина сметаат дека недостатокот од казни и несносување одговорност за

---

[61]DCAF Backgrounder, *Private Military Companies,* The Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Froces, Geneva, 2006, стр.4
[62] Ibid, p.7
[63]https://www.humanrightsfirst.org/wpcontent/uploads/pdf/Examples_of_Contractor_Abuses.pdf-пристапено на 10.05.2016г.

минатите злоупотреби, може да биде пример за понатамошно прифаќање на можни идни злоупотреби. Оваа грижа често произлегува од фактот дека припадниците на ПВК се наоѓаат во т.н. сива зона од законот. Бидејќи тие не се дел од регуларните воени сили тие не се ни предмет на одредени закони и надзори. Визијата за неодговорноста на припадниците на приватните воени компании е загрижувачка, но и непредвидлива со зголемените барања за почитување на човековите права, земено глобално. Теоретски, државите имаат обврска да ги натераат ПВК кои работат за нив да ги почитуваат хуманитарните закони поставени врз основа на Женевските конвенции, но во практиката ова ретко се случува. Како пример за ПВК кои имале посебен третман од страна на законот може да се наведат ПВК од САД кои во првите години од војната во Ирак не потпаѓале под одговорност на воените закони, а од друга страна имале имунитет од кривично гонење од локалните закони. Сето ова довело до бројни злоупотреби од страна на ПВК.

Недостатокот од одговорност не е единствениот ризик кој доаѓа со употребата на ПВК. Постои страв дека државите ќе станат премногу зависни од овие компании и ова негативно ќе се одрази на националната безбедност. Дури постои мислењето дека растот на приватната воена индустрија ефективно го има скршено монополот на државите околу употребата на сила, водејќи притоа до потенцијално огромни последици за разбирањето на војната. воопшто, но и за разбирањето на улогата на државата во создавањето и завршувањето на војни. До некој степен постои и страв од зависноста на државите од ПВК бидејќи ова може да води кон маргинализација на државата во војните. Овој страв од прекумерната зависност доаѓа делумно од одлевањето на високообучениот персонал од вооружените сили и нивното приклучување на ПВК. Ова секако паѓа на сметка на државата, односно нејзините вооружени сили кои остануваат без овој кадар.

## 4.4. Употреба на приватни воени компании од страна на ООН

Од средината до крајот на деведесеттите години од минатиот век ООН ги користеше ПВК за разни задачи, вклучувајќи специјални услуги (како на пример деминирање, разузнавачки услуги итн), услуги за поддршка

(хеликоптерски услуги, логистика, одржување итн), како и конвенционалните безбедносни услуги (вооружено и невооружено обезбедување, консултантски услуги и обука). Иако не постои јасна регулатива за изнајмување на ПВК од страна на ООН, јасно е дека се склучуваат многу договори помеѓу двете страни.

Изнајмувањето на „приватни услуги" во делот на безбедоста ООН го работи директно и индиректно. Директно преку изнајмување на услугите од страна на специјалните агенции, фондови и програми на ООН и индиректно кога услугите од приватните компании ги изнајмуваат државите-членки на ООН кои сметаат дека овие услуги му се потребни на персоналот на ООН кој доаѓа од нивните земји.

Како пример за специјални услуги користени од страна на ООН може да се спомнат услугите за деминирање на комапнијата „Армор Груп"кои најчесто се користат. Така, оваа компанија успешно ги завршила договорите во Судан (доделени во 2006 година) и во Непал. Во мисијата во Непал компанијата даваше консултантски услуги и вршеше мониторинг на непалските единици, но значајно е што и самата директно учествуваше во деминирањето и уништувањето на експлозивни направи.[64]

Кога се работи за поддршка на мисиите „Пацифичките архитекти и инженери"[65]обезбедуваа гориво, возила и храна за новата мисија на ООН во Брегот на Слоновата Коска. Истата компанија обезбедуваше контрола на воздушниот сообраќај, воздухопловни операции и менаџмент во Демократска Република Конго во 2004 година.[66]

Во Авганистан ООН изнајми компанија подружница на лондонската компанија „ИСГ Секјурити" која обезбеди 169 Гурки според бројките од Мисијата на ООН во Авганистан. Овој пример е интересен бидејќи вклучува и извршување на официјални полициски задачи, отколку само „приватни"активности. [67]

[64]http://un.org.np/unmin-archive/?d=activities&p=activity_detail&aid=61-пристапено на 30.04.16г
[65] Pacific Architects & Engineers (PAE)
[66]http://www.sourcewatch.org/index.php/Pacific_Architects_and_Engineers,_Inc./пристапено на 30.04.2016 г.
[67]https://www.globalpolicy.org/nations-a-states/private-military-a-security-companies/pmscs-and-the-un/50639-un-embraces-private-military-contractors.html - пристапено на 30.04.2016г.

Во 2008 година УНХЦР изнајми услуги за одржување на безбедносни системи од „Дифенс Системс Африка“, како и обезбедување на имотот и персоналот од Г4С групацијата. [68]

УНДП – програмата за развој на ООН, истата година јаизнајми компанијата „Саладин“ за давање услуги од областа на безбедноста. Со зголемената употреба на овие актери од страна на ООН и во овој случај се поставува прашањето за нивната одговорност. Како организација составена од држави, но без институции за надзор од овие држави, ООН не е во состојба да ги држи за одговорни приватните компании кога тие го кршат меѓународното право и човековите права.[69]

Иако ООН многупати ги користела услугите на приватните компании, познати се случаи кога оваа организација ги одбила нивните услуги. Таков е примерот со приватната воена компанија „Егзекјутив Ауткамс“ која била контактирана од страна на ООН за можна употреба уште во раните денови од граѓанската војна во Руанда. Проценките на раководството на компанијата биле дека со персонал од 1500 луѓе може да бидат спасени и до 200.000 луѓе. Оваа понуда била одбиена од страна на ООН исто како и сите други опции поврзани со тоа прашање. Според некои мислења, неангажирањето на оваа компанија подоцна довело до плаќање на огромна цена, од 500.000 до 800.000 човечки животи. „Егзекјутив Ауткамс“ е истата компанија која помогна да се запре граѓанската војна во Сиера Леоне, а нејзиното ангажирање се смета за далеку поуспешно и поефтино од ангажирањето на силите на ООН.[70]

Како можно решение за употреба на ПВК е нивното изнајмување од ООН во раните фази на спречување на конфликти. Имено, од искуство е познат фактот дека создавањето на мировни сили од страна на ООН на доброволна база е доста тежок и бавен процес. Многу е тешко да се најде држава која има волја и капацитет за испраќање на свои сили во зони опфатени со воен конфликт. До создавањето на такви сили ПВК би можеле да ја пополнат празнината посебно ако се има предвид дека тие имаат капацитети

[68] Åse Gilje Østensen, *UN Use of Private Military and Security Companies Practices and Policies*, DCAF, 2011, стр.26
[69]Исто, стр.15
[70]http://www.hoosier84.com/00-06eorwanda.pdf, p.1- пристапено на ден 01.05.2016 г.

за спроведување на операции за хуманитарна поддршка како: ескорти на конвои, обезбедување на хуманитарни организации, пружање заштита на бегалци, чистење на мински полиња итн, функции кои ги извршуваат и мировниците на ОН.[71]

## 4.5. Употреба на ПВК од страна на мултинационални корпорации и хуманитарните организации

Мултинационалните корпорации се меѓу најзначајните корисници на услугите од страна наПВиБК.Многу мултинационални корпорации ги користат услугите на приватните компании за заштита на нивниот имот, фабрики и други бизнис-инсталации, посебно оние лоцирани во области каде безбедноста која треба да ја гарантира државата е слаба или таму каде што постои голема веројатност за избивање на насилства. Како пример за ова е екстрактивната индустрија (посебно рудниците и изворите на нафта) која има многу инсталации лоцирани во области од висок ризик, односно подрачја на конфликти кои бараат дополнителна сигурност. Потребата од многу екстрактивни инсталации е огромна, па многу вакви компании имаат цели оддели посветени на селекцијата и обуката на приватните компании кои ја обезбедуваат сигурноста.

Хуманитарните организации се чести корисници на услугите на приватните воени компании. Хуманитарните организации се почесто се цел на напади додека работат на терен,па затоа тие честопати бараат дополнителна безбедност со цел да ги извршат нивните мисии.[72]

Јасно е дека ова е растечки тренд со се повеќе организации од оваа област кои изнајмуваат најчесто услуги од локални приватни безбедносни компании. Во најголем дел изнајмуваат приватните компании на ad hoc основа, врз основа на стандардни протоколи и политики. Како и да е, бидејќи дел од хуманитарните организации се соочиле и со негативно искуство од

[71] Kondrotas A., *Private armies throughtout the generations of warfare*; pitfallsandprospects, Tartu, 2010, стр.36-37

[72]Види André du Plessis, „*The Global Code of Conduct for Private Security Companies: Why it Matters to Humanitarian Organisations,*" Humanitarian Exchange Magazine, http://www. odihpn.org/report.asp?id=3122 (пристапено на 11.03.2016)

страна на ПВК, повеќе од јасно е дека се потребни јасни правила кои хуманитарните организации ќе ги утврдатво насока, кога и како да изнајмуваат услуги од ПВК, посебно во делот на безбедносните проверки и обуката.[73]

[73]Abby Stoddard, Adele Harmer and Victoria Di Domenico, „*The use of Private Security Providers and Services in Humanitarian Operations,*" HPG Report, (October 2008), стр.21

# 5. УПОТРЕБАТА НА ПВК ВО ОДРЕДЕНИ КРИЗНИ РЕГИОНИ – СЛУЧАЈОТ СО ИРАК

Приватните воени и безбедносни компании одиграа значајна улога во Американската инвазија на Ирак во 2003 година, за што угледниот весник „Економист“ (неделен британски весник со седиште во Лондон) дал интересен коментар дека оваа војна всушност е „првата приватизирана војна“. Веројатно не постои пример кој подобро ги илустрира растечките активности на приватните воени компании, како и нивната инволвираност во современите воени операции, од последната војна во Ирак. Вработените во приватните воени компании при нивниот ангажман во конфликтот во Ирак, беа поврзани во многубројни активности, почнувајќи од исхраната и одржувањето на капацитетите на американските трупи, одржување на софистицираните системи како Б-2 стелт бомбардерот, стелт авионот Ф-117, КЦ-10 авионот за реснабдување со гориво, У-2 извидувачкиот авион и бројни воени бродови, па се до давање огромен број безбедносни услуги како обезбедување на високи личности, обезбедување на објекти и конвои итн.[74]

Инвазијата на Ирак од 2003 година доведе до најголемото инволвирање на приватните воени компании во историјата на војувањето и поствоената реконструкција. За време на најголемиот дел од конфликтот скоро секој странски ентитет во земјата, вклучувајќи ги армиите, државните организации, меѓународните организации, медиумите, комерцијалните компании итн, во одреден период ги изнајмувале приватните воени компании за обезбедување и заштита на персоналот и имотот, како и за извршување на други функции во поддршка на воените сили и напорите за стабилизација и реконструкција. Употребата на ПВК особено пораснала во „поствоениот период“, кога американскиот претседател Џорџ Буш Помладиот прогласил крај на главните борбени операции во Ирак во мај 2003 година. Во тој период разни американски, но и компании од други земји биле повикани да партиципираат и инвестираат во ирачката реконструкција, меѓутоа коалициските сили на чело

[74] Human Security report 2005, „*War and peace in 21st century*“, HSC, The University of British Columbia Canada, стр.38

со САД не биле во можност да ја гарантираат јавната безбедност. Како резултат на тоа, во отсуство на ефективна влада и каков било вид национален воен апарат кој би можел да се спротистави на заканите претставени од бунтовниците и некои други опасности, ПВК се појавцле како средство со чија употреба може да се гарантира безбедноста до некој степен. Така, по само една година од инвазијата, бројот на приватен воен персонал распореден во Ирак значително се зголемил.[75]

Широкото присуство на разни организации и компании кои биле вклучени во напорите за реконструкција на државата, резултирало не само со зголемување на бројот на ПВК, туку и придонело за поголем развој на приватната воена индустрија. Користејќи го моментот од зголемената побарувачка на нивните услуги во екстремно опасна средина, ПВК рапидно ги зголемиле цените на нивните услуги. За многу кратко време платите на вработените во ПВК се зголемиле од 300, па се до 1500 долари дневно. Како пример, „Блекботер" на своите клиенти им наплатувал од 1500 до 2000 долари по вработен дневно. Поради ова угледниот весник „Њујорк Тајмс" навел дека во Ирак растот на поствоениот бизнис не е нафтата, туку приватните воени услуги, односно безбедноста.Споредвесникот „Њујорк Тајмс", којпроценува дека бројот на изведувачи (персоналот на ПВиБК)изнесувал 160.000, од кои 50.000 биле„оперативци на приватникомпании за обезбедување", односно поединци кои имале вооружени улоги во рамките на бојното поле.[76]Иаково голема мера различни проценки се спомнувалеза бројот на изведувачи (ПВиБК)во Ирак во 2007 година според Одделот за попис во одбраната (прилично конзервативна проценка, според официјалните лица) објавил дека бројкатадостигнала 180.000, а сотоа и надминување набројот на американски војници во тоа време (160.000).[77]

Додека на почетокот јавното мислење не било свесно за степенот на приватизација на безбедноста во Ирак, одредени високи воени претставници на САД започнале скептично да гледаат на употребата на ПВК, жалејќи се дека

[75] Rossella Maria Moyer, Soldiers for Hire: The Role of Private Military Contractors in Iraq, University of Southern Maine, стр.7, превземено од http://www.anselm.edu/Documents/NHIOP /Global%20Topics /Archive/Moyerfinal09.pdf

[76]„Subcontracting the War," The New York Times (Late Edition (East Coast)), New York, NY, 1October 2007, A/24.

[77]Singer P., *„Can't Win With 'Em, Can't Go to War Without 'Em"*, POLICY PAPER Number 4, September 2007, стр.2

атрактивните плати кои ги нуделе одредени ПВК резултирале со загуба на најдобрите припадници на елитните сили во време кога тие најмногу биле потребни. Борбата да се привлечат елитните сили да работат во ПВК била толку интензивна, што Командата на специјалните сили на САД морала да разработи нов систем на плати, бенифиции и системи за едукација со цел да ги задржи војниците во своите редови. Британските вооружени сили пак, им нуделе на војниците едногодишни отсуства со кои би спречиле долготрајна штета предизвикана со нивно заминување да работат за ПВК во Ирак.[78]

Цивилните субјекти, пред се оние од САД кои работеле на реконструкцијата на Ирак биле подготвени да ги прифатат високите цени наметнати од ПВК не само поради небезбедната средина, насилствата и киднапирањата кои се одразувале и на работниците и на нивните активности, туку и поради тоа што тие сметките за безбедноста гарантирана од ПВК ги праќале до владините агенции со кои имале договори. Во 2008 година работната група на ООН за платеници (UNWG) истакнала дека компаниите вклучени во реконструкцијата за безбедноста одвојуваат и до 25 проценти од нивните буџети. Поради ова голем дел од парите наменети за реконструкција на Ирак заминувале во ПВК. Од друга страна, овој начин на дејствување го претворил правото на безбедност во привилегија која само некој можел да си ја дозволи, но сигурно не и ирачката популација.[79]

Фактот дека највисоките американски претставници во Ирак, како специјалниот емисар во првата година од окупацијата на Ирак, Пол Бремер и неговиот наследник Џин Негропонте, како и други високи странски државни претставници, ја довериле нивната безбедност на ПВК, јасно ја индицира клучната улога на приватната воена индустрија во поствоениот период. Понатаму, масовното прибегнување на владите кон ПВК им обезбедило еден вид легитимитет кој не можел да се замисли пред почетокот на војната. Оттогаш ПВИ започнува на некој начин да се ребрендира вршејќи напори да се дистанцира од концептот на класичните платеници и направила обиди да ги поврзе своите услуги со хуманитарните функции како реконструкцијата

[78]Микац Р., „Феноменот на „приватните воени организации“ како неизбежни компоненти на судирите во XXI век“, Современа македонска одбрана, бр.19, април 2010, стр.84
[79]GAO, „Securing, stabilizing, and rebuilding Iraq“,Report to congressional committees, june 2008, стр.16

истабилизацијата. Дел од оваа промотивна кампања било воспоставувањето на асоцијации на ПВК (ISOA) и (BAPSC), низ кои индустријата се обидела да стекне почит, посебно по загриженоста на јавноста за злоупотреби извршени од страна на ПВК во Ирак и на други места. Пресвртна точка во кампањата се случила во февруари 2006 година кога во кварталниот извештај за одбрана на Пентагон, ПВК биле вброени во вкупните американски воени сили. Широкото прифаќање на ПВК се огледа во фактот дека официјални лица на САД истакнале дека способноста да се спроведат бараните безбедносни операции во високо ризична средина не би била можна без ПВК. Бројот на припадници на ПВК кој се користел во Ирак во тоа време бил поголем од бројот на припадници кои ги обезбедувале дипломатските претставништа на САД низ цел свет. Воопшто не било можно да се најмат и обучат нови агенти кои би ги исполниле бараните услови толку бргу како што тоа го направиле ПВК и покрај тоа што се располагало со соодветни фондови и персонал. Во таквите услови во релативно краток временски рок најдобра солуција со која се исполнувале високите стандарди биле ПВК. Понатаму, како што се одвивала транзицијата од широко воено присуство кон цивилно воден дипломатски модел (под покровителство на Стејт департментот), се појавила потребата да се продолжи со користење на услугите на ПВК. Со повлекувањето на воените сили од Ирак, се зголемил бројот на припадници на ПВК за потребите на Стејт департментот.[80]

Најголемото ангажирање на приватниот безбедносен и воен сектор во историјата на меѓународните активности за реконструкција и разрушената инфраструктура е окупацијата на Ирак. Со над 20 илјади вработени од повеќе од 60 приватни компании кои нудатбезбедносни и воени услуги, приватните воени компании се втор по големина контингент во Ирак, после Соединатите Американски Држави.[81]

Меѓутоа, цената која приватните воени компании ја платиле е висока. Заклучно со јануари 2011 година (на www.icasualties.org) се набројуваат околу

[80]Rossella Maria Moyer, Soldiers for Hire: The Role of Private Military Contractors in Iraq, University of Southern Maine, стр.15, превземено http://www.anselm.edu/Documents/NHIOP/Global%20Topics/Archive/Moyerfinal09.pdf

[81]DCAF Backgrounder, *Private Military Companies,* The Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Froces, Geneva, 2006, стр.3

500 вработени на ПВиБК убиени во Ирак. Многу е поголем бројот на ранетите.[82]

Проценето е дека жители на преку 40 земји работеле во ПВК во војната во Ирак. Овој персонал кој работел во Ирак може да се подели на четири групи: жители на САД, жители на земјите коалициони партнери на САД како Македонци, Британци, Австралијци, Канаѓани, Јужноафриканци итн, жители на трети земји и локално население, односно Ирачани.[83]

Наведената класификација исто така служи да објасни одредени особини кои го опкружуваат персоналот на ПВК како нивниот бекграунд и трошоците. Така, персоналот од САД и коалициските земји најчесто имале воено искуство и најлесно ги поминувале безбедносните проверки. Персоналот од трети земји главно бил поефтин од претходно наведените иако некои имале воена обука и искуство. Локалното население било најефтино да се изнајми бидејќи не постоеле трошоци за превоз, сместување и храна. Користењето на локалното население во ПВК од една страна е погодно поради тоа што отвора работни места, гради добри односи, развива контакти со локалната популација и овозможува подобро разбирање на регионот. Од друга страна, многу е потешко безбедносно да се провери локалното население, а покрај тоа може многу лесно да се инфилтрира некој од страна на непријателските сили.

Широката употреба на приватните воени компании исто така предизввикува сериозни оперативни и законски прашања:

- Компаниите ги завршиле или ги одложиле операциите поради зголеменото насилство. Постои известување според кое, откако нивниот конвој бил нападнат во април 2004 година, возачите на камионите на компанијата Келог, Браун и Рут (KBR) поради влошената безбедносна состојба одбиле да работат. Во некои области во Ирак, голем број вработени во приватните воени компании ја напуштиле земјата, оставајќи ја војската со намалени залихи и дотур на производи.

- Намалена е способноста на војската да ги задржи талентираните војници. Командата за американските специјални операции, во обид да ги

[82] http://icasualties.org/Iraq/Contractors.aspx– пристапено на 05.05.2016 г.
[83] https://en.wikipedia.org/wiki/List_of_private_contractor_deaths_in_Iraq – пристапено на 05.05.2016 г.

задржи талентираните војниципревзема нови мотивирачки програми во образованието, како и нови стимулациски мерки во однос на бенифициите и платите.

• На шестмина вработени во приватните воени компании кои биле вмешани во скандалот со затворотАбу Граиб за време на преоднатапоранешна Коалициона власт, им бил даден имунитет според Ирачките закони. Истите никогаш не биле изведени пред судот.

• Компаниите работелепод т.н. договори за цена-плус кои што ја олеснуваат можноста за измама, на начин на кој што се тврдело во случајот со дивизијата Халибартон-Келог, Браун и Рут. Поради непотполна документација, Американската војскаоспорила некаде околу 1.8 милијарди американски долариод трошоците на компанијата Халибартон за нивната работа во Ирак.

• Во одредени случаи, било очигледно дека компаниитеорганизирале неадекватна обука на нивнитевработени. Во еден воен извештај на Американската војска од октомври 2005 година, било наведено дека поради повреда на бројни владини прописи, како инесоодветна обука на пилотите,биле главните причини за смртта на четворица вработени на комапанијата Блекvotерво авионската несреќа во ноември 2004 година. Претставниците на Блекботер ги негираат овие обвинувања. [84]

И покрај дебатата во Конгресот на САД за законско регулирање на приватните воени компании, каде прашањетое актуелизирано како на национално така и намеѓународно ниво, вклучувањето на приватниот сектор во воените операции на САД достигназначителни и високи нивоа. Како што се демонстрираше војната во Ирак, изведувачите се воздигнаасо статусна моќен и неопходен актер на меѓународната сцена. САД станаа толку зависни од услугите обезбедени од страна на изведувачите, кога во септември 2007 година,операциите на Блекботер беа запрени за неколку дена, така што американските дипломатски активности во Ирак речисидојдоа до застој. Приватните воени компаниимаат таква важна улога, што според Питер Сингер, зависноста на САД од изведувачитеја опишува како опасна „зависност“

[84]DCAF Backgrounder, *Private Military Companies,* The Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Froces, Geneva, 2006, стр.3

на американскиот националенбезбедносенапарат кој е заклученво еден маѓепсан круг во кој „не може да победи со нив, но и не може да оди во војна без нив“.[85]

Експертите предвидуваат дека и покрај нејзината контроверзна природа, сепак, приватните воени компании, ќе продолжат да играат важна улога во Ирак и во идните воени операции на САД, иако не се преземени никакви чекориод страна на политичкото раководство на САД да го промени овој аутсорсинг тренд, се додека не се донесе одлука за каква улога приватните изведувачи ќе играат во американската надворешнаполитика во блиска иднина.[86]

[85] SingerP., „Can't Win With 'Em, Can't Go to War Without 'Em“.
[86]Rossella Maria Moyer, Soldiers for Hire: The Role of Private Military Contractors in Iraq, University of Southern Maine, p.23, превземено од http://www.anselm.edu/ Documents/NHIOP/ Global%20 Topics/Archive/Moyerfinal09.pdf

# 6. ПОТРЕБА ЗА ПРАВНО РЕГУЛИРАЊЕ НА ПВК

Со зголемената употреба на приватните воени компании од страна на државите во вооружени конфликти се поставува прашањето за регулирање на оние недржавните актери. Сепак,иако приватизацијата на клучните државни функции може да биде новфеномен во однос на неговиот обем и квалитет, не постои правен вакуумза активностите на приватните воени компании. Во согласност со меѓународнотохуманитарно право, државите мора да обезбедат почитување на *jus in bello*[87] и спроведување наважечкото меѓународно право, исто така во однос на респектирање на персоналот на ПВКако тие се обвинети за функции регулирани со меѓународното право. Со оглед на наведеното, предизвикот за идната регулатива е на национално иадминистративно ниво. Државите мора да ги интензивираат своите напори за спроведување на постојните стандарди.

Законите на војувањето се дизајнирани за традиционалните војски, па честопати правниот статус на персоналот на приватните воени компании е недефиниран, исто како и механизмите со кои нивните права и обврски се изречени. Наведеното претставува проблем како за персоналот на ПВК така и за оние кои оперираат во нивна околина. Освен ако не се најмени од државите, вработените во ПВК не се ниту борци ниту пак, неборбен персонал. Тие не можат да бидат третирани како воени заробеници ако се заробени од непријателски сили и можат да бидат погубени како нелегални борци. Кога е

[87] Се однесува на правдатана војување за време на битката. Одговорноста на државата во*jus in bello*, е упатена кон генералите и војници кои ја формулираат и извршуваат воената политика во одредена земја. Тие се одговорни за било каква повреда на начелата кои се јавуваат под нивна команда. Оваа одговорност е често прикажана во судските процеси на воени злосторства, или од страна на нивните сопствени воени судови или од новоформираниот Меѓународни кривичен суд, создаден во 1998 година со Договорот во Рим. Ние мораме да ја утврдиме разликата помеѓу надворешниот и внатрешниот *jus in bello*. Надворешните или традиционалните*jus in bello*се однесува на правилата на дражавата која треба таа да се придржува во однос на непријателот и своите вооружени сили. Внатрешна *jus in bello*се однесува на правила кои државата мора да ги почитуваат во согласност со своето население во водењето на војната против надворешениот непријател

прекршен законот, не е јасно како ПВК да се сметаат за одговорни, посебно онаму каде има слаби локални институции.[88]

Правната рамка која ги регулира функциите и употребата на приватните воени компанииможе да серазгледуванационално и на меѓународното право.

## 6.1. Примена на домашното право за регулирање на ПВК

Разгледувајќи ги проблемите кои ја инволвираат апликативноста на постојните меѓународни правни режими на ПВК, но и обврските кои меѓународното право им ги наметнува на државите во однос на активностите на ПВК, важно е да се истражи како државите го имаат регулирано овој феномен во домашното право и посебно како ова право е применето во практиката. Општо земено, мал број на држави имаат усвоено легислатива која го регулира ангажирањето на ПВК во нивните земји, но и надвор - во странство, а постоечките примери или не даваат сеопфатен одговор или не се правилно применети во практиката.

Државата во која се изведува операцијата е во позиција да ги регулира ПВК се додека тие оперираат низ нејзиниот територијален суверенитет и може да наметне ограничувања на нивнотоангажирање преку националното законодавство. Исто така, таа може да обезбеди криминална одговорност полесно отколку други држави бидејќи има поголем пристап до сведоци и докази; понатаму може да избере да усвои легислатива за корпоративна одговорност на компаниите. Во практиката, државите во кои ПВК ги изведуваат операциите обично имаат недостаток од потребната стабилност и институционални услови и може да немаат доволно контрола над делови од својата територија или соодветна законска рамка. Во случајот со Ирак ситуацијата во врска со досега наведеното беше далеку од идеална бидејќи ПВК беа имуни од ирачките правни процеси и останувaa предмет на ексклузивна јурисдикција на нивните држави. Државите од каде доаѓаат компаниите, како и државите домаќини исто така, може да играат многу значајна улога во регулирањето на приватната воена индустрија.

[88]Avant D., *„PMC and the future of war“*, Foreign Policy Researh Institute, 2006, достапно на http://www.fpri.org/article/2006/04/private-military-companies-and-the-future-of-war/ - пристапено на 11.05.2016 г.

Вработените воприватните воени компании може да бидат предмет на одговорност пред домашниот кривичен закон и на граѓанаска одговорност во земјата со која имаат договор, во земјатаво која што се ангажирани и во матичната земја на вработените, каде штосе државјани. Сепак, непостоењетона законска регулатива и прописи кои што прецизнoќеја регулираат работата на приватните воени компнии, претставува пречка во спроведувањето на законот.

Сеуште не постои закон кој би послужил како добра насока во неговата примена. Во идеални услови, таквиот закон би требало да ги одреди начините на кои активностите на приватните воени компании би подлегнале на контрола од страна на извршната власт, парламентарен надзор и судска ревизија. Во суштина законот треба да вклучи правила и прописи во кои:

• ќе се дефинира што претставуваат приватните воени компании, вклучувајќи и список на услуги кои се карактеристични како борбени активности;

• ќе се воспостават транспаретни процедури за селекција и изнајмување на приватните воени компании;

• ќе се даде можност за селекција согласно однесувањето на компаниите во минатото;

• ќе подлежи нивната активностна националните кривични и граѓански одговорности во земјата и во странство;

• ќе овозможи вклучување на обврска во договорите за почитување на меѓународното хуманитарно право;

• ќе се одредат казнени одредби во случај на повреда на договорот;

• ќе се обезбеди одговорност преку усвојување на соодветна територијална надлежност;

• ќе бидат вклучени стандардни корпоративни услови како што се рергистрација на компанијата, квалификации на вработените и водење евиденција за активноста на персоналот;

• сите фази од договорот ќе бидат регулирани, како и склучување поддоговори, јавни набавки и финансиска инспекција; и

• ќе се одреди кое министерство, институција, тело или агенција ќе ја има одговорноста за надзор на приватните воени компании.

## 6.2. Примена на меѓународното право за регулирање на ПВК

Меѓународните правни рамки можат да бидат ефективен начин за регулирање на активностите на ПВК, имајќи ја во предвид меѓународната димензија на овој феномен. Како и да е, и покрај општите коментари дека ПВК не оперираат во рамки на „законски вакуум", одредувањето на тоа кои правила ги регулираат овие компании на меѓународно ниво се уште е контроверзно. Приватните воени компании се уште не се цел на посебна конвенција која би ги регулирала нивните активности и употреба под меѓународното право, иако од страна на работна група при ООНе предложена соодветна иницијатива во врска со ова прашање. Регулирањето на активностите на ПВК поради ова зависи од апликативноста на постојните меѓународни правни рамки. Од една страна, постојното право кое вообичаено се поврзува со ПВК е меѓународното право кое се однесува на платениците и меѓународното хуманитарно право. Како и да е, одредувањето на легалниот статус на вработените во ПВК под покритие на меѓународни договори кои ги регулираат овие прашања (на пример дали тие се платеници, борци или цивили) е проблематично и генерално ги прави тешки за детектирање правилата апликативни за активностите на ПВК. Од друга страна, меѓународното хуманитарноправо исто така обезбедува релевантни стандарди за активностите на ПВК. Во основа, ова право се однесува на државите, а ПВК и нивните припадници можат да бидат директно врзани со обврските за човекови права преку работата на националното законодавство.

### *6.2.1.Чекори кои треба приватните воени и безбедносни компаниида ги преземат за да се осигура дека нивните вработени го почитуваат меѓународното хуманитарно право*

Различни мерки пред и за време на распоредувањето се од суштинско значење за да се обезбеди дека персоналот на ПВиБК го почитува меѓународното хуманитарно право.[89] Тука спаѓаат:

- постапки за проверка за вработувањето на персоналот;
- соодветна обука замеѓународното хуманитарно право;
- стандардни оперативни процедури и правила за ангажирање што е во согласност со меѓународното хуманитарно право;
- внатрешни дисциплински постапки.

### *6.2.2.Одговорноста на државите во однос на ангажирањето на приватните воени и безбедносни компании*

Државите не можатда се ослободат од нивните обврски според меѓународното хуманитарно право во однос на ангажирањето на ПВиБК. Тие остануваат одговорни за обезбедување дека релевантните стандарди се исполнети и дека законот се почитува.

Државите мора да се осигураат дека вработените во тие компании го почитуваат меѓународното хуманитарно право. Главните мерки за постигнување на горенаведеното се:

- вработените да бидат соодветно обучени во МХП;
- правила на ангажирање на ПВиБК да бидат во согласност со меѓународното хуманитарно право.

Покрај тоа, државите мора да се осигураат дека постојат механизми за одржување на одговорност на вработените ПВиБК осомничени за кршење на меѓународното хуманитарно право.[90]

---

[89] https://www.icrc.org/eng/resources/documents/faq/pmsc-faq-150908.htm – пристапено на 28.05.2016 г.

[90] https://www.icrc.org/eng/resources/documents/faq/pmsc-faq-150908.htm – пристапено на 28.05.2016 г.

### 6.2.3.Одговорноста на државите на чија територија се ангажирани приватните воени и безбедносни компании

Сите држави имаат обврска да ги почитуваат и да обезбедат почитување на меѓународното хуманитарно право, вклучувајќи ги и вработените на ПВиБК. Државите на чија територија се ангажирани ПВиБК се во особено поволна позиција да влијаат на нивното однесување преку националниот закон.

Државитеби можеле да применат контрола и надзор преку воспоставување на лиценциран регулаторен систем. Клучните елементи на можна националната регулаторна рамка може да вклучат утврдување кои услуги може или не може да се вршат од страна на ПВиБК или нивниот персонал. Треба да се земе во предвид прашањето дали одредена услуга може да предизвика вклучување на персонал ПВиБК во директно учество во борбените дејства.

Државите би можеле да издаваат дозволи за исполнување одредени критериуми на ПВиБК, како на пример:

- обукана вработени во делот за МХП;
- усвојувањена стандардните оперативни процедури и правилата на ангажирање кои го почитуваат меѓународното хуманитарно право и усвојување на соодветни дисциплински мерки.

Државата исто така може да се направи одобрение за секој договор во зависност од природата на предложените активности и состојбата во земјата во која ќе работат на ПВиБК. Тоа би можело да воведе санкции за работењето без да ги добијат потребните дозволи или документи во случај на нарушување на надлежностите (на пример, повлекување на дозволата за работа, губење на обврзници, кривичните санкции итн).

Таквиот регулаторен систем треба да биде надополнет со функционирањето на системот за доведување насторителот на повредата на МХП пред лицето на правдата.[91]

Како заклучок може да се каже дека меѓународното право обезбедува регулаторна рамка за вработувањево приватните воени компании во и по вооружени конфликти. Во согласностсо природата на меѓународниот правен

[91]https://www.icrc.org/eng/resources/documents/faq/pmsc-faq-150908.htm – пристапено на 28.05.2016 г.

поредок, оваа рамка ги содржи самоосновните принципи и општи параметри. Во блиска иднинавоспоставување на меѓународни обврзувачки инструмент со кој се регулира употребата наприватни воени компании во детали е малку веројатно. Тоа е уште повеќе спорнобез разлика дали тоа би било пожелно, со оглед на природата на меѓународното право и на меѓународните односи. Спроведувањето и по понатамошнаспецификација на барањата наметнати од страна на меѓународното право се, генерално,најдобро да се постигнат во рамките на националните административни, граѓански, и кривични правнисистеми. Тоа е оваа имплементација што треба да се води повеќе доследнобидејќи не постои недостаток на правила, туку неуспехот да се спроведе меѓународниотзакон. Координацијата на меѓународниот процес кој ги идентификува основнитееелементи на поефективен национално уредување на приватни военикомпании се чини дека е одржлива основа за постигнување на овие цели.[92]

Во продолжение ќе биде даден краток осврт на две иницијативи со кои до некаде се поставуваат стандарди за приватните воени и безбедносни компании.

## 6.3. Монтре-документот

Монтре-документот е прв документ од меѓународно значење кој дефинира како меѓународното право се аплицира на активностите на приватните воени компании кога тие оперираат во зона на вооружен конфликт. Тој содржи сет од добри практики дизајнирани да им помогнат на државите да преземат мерки на национално ниво за да ги исполнат нивните обвски според меѓународното право.

Целите на иницијативата на Монтре-документот се:

1. Да се разјаснат постојните обврски на државите и другите актери во однос на меѓународното право.

2. Да се развијат добри практики, регулативни опции и други мерки на национално и по можност на меѓународно ниво.

---

[92]Kess A., „ Regulation of Private Military Companies“ Goettingen Journal of International Law 3 (2011) 1, стр.199-216

Документот е резултат на иницијативата на заедничките напори на Швајцарија и на Меѓународниот комитет на Црвениот крст. Иницијално, 17 земји го финализираа документот на завршниот состанок во Монтре, Швајцарија на 17 септември 2008 година. По објавувањето на овој документ кон него се приклучија и други земји, така што моментално 52 земји го поддржуваат документот од Монтре, меѓу кои е и Република Македонија (3 февруари 2009 година). Покрај спомнатите 52 земји, следните меѓународни организации го поддржуваат документот:

1. Европската унија (27.07.2012 година);

2. Организацијата за безбедност и соработка во Европа - ОБСЕ (21.11.2013 година);

3. НАТО (06.12.2013 година).

Монтре-документот е отворен за сите држави и меѓународни организации. По неговото донесување бил универзално поздравен. Позитивно бил оценет за неговиот инклузивен и непристрасен пристап, но од друга страна постоеле критики за квалитетот на неговата содржина. Тој дава експресија кон консензусот со кој меѓународното право се однесува на ПВК и со кој не постои правен вакуум во однос на нивните активности. Тој е практичен и реалистичен придонес кој се стреми да го промовира почитувањето на меѓународното хуманитарно право и човековите права. Монтре-документот не е задолжителен правен инструмент.[93]




Слика 7: Монтре-документ

[93]http://business-humanrights.org/en/conflict-peace/special-initiatives/initatives-on-private-military-security-companies/montreux-document-a-process-aimed-at-governments - пристапено на 10.05.2016г.

Овој документот е поделен на два дела: меѓународни правни обврски во врска со ПВиБК и добрите практики кои се однесуваат на ПВиБК. Во првиот дел се опфатени обврските на различните актери под меѓународното хуманитарно право и човековите права. Тука ги вклучуваме договорените држави, територијалните држави, самите држави, ПВиБК и нивниот персонал и претпоставени. Исто така, се однесува на одговорноста на држава за однесување на ПВиБК според меѓународното право.

Во вториот дел формулирани се препораки кои се насочени кон државите и во голема мера врз основата на државните закони во однос на ПВиБК и/или вооружени сили. Опсегот на најдобрите практики се движи од склучување на договори и овластувања на ПВиБКдо обезбедувањена крвично гонење на персоналот на ПВиБК во случај на сериозни прекршувања на законот.[94]

## 6.4. Меѓународен кодекс на однесување на приватните провајдери на воени и безбедносни услуги

Успешното завршување на Монтре-документотго покажановиот развој на консензус во меѓународната заедница за потребата да се пополнат нормативнипразнини и одговорноство однос на ПВиБ компании. Швајцарскиот федерален сектор за надворешни работи (SFDFA-Swiss Federal Department od Foreign Affairs) ја презеде иницијативата и во соработка со Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили (DCAF) да утврдат јасни упатства за работа и воспоставување на меѓународни норми и стандарди за ПВиБ индустрија.[95]

Оваа иницијатива беше развиена во две фази. Во првата фаза, Меѓународниот кодекс на однесување (МКО) кој се однесува на приватни воени и безбедносни провајдери на услуги бил финализиран во октомври 2010 година и за првпат бил потпишан од 58 приватните компании за обезбедување на 9 ноември 2010 година во Женева. МКО изразува еден сет на стандарди за ПВиБК: МКО бара компаниите-потписнички да се усогласат со меѓународните

[94]http://business-humanrights.org/en/conflict-peace/special-initiatives/initatives-on-private-military-security-companies/montreux-document-a-process-aimed-at-governments - пристапено на 10.05.2016

[95]ICoC Timeline, достапно на http://www.icoc-psp.org/ICoC_Timeline.html -пристапено на 11.05.2016

човекови права и обврски МХП, без оглед на националните закони и правната ситуација во соодветните земји. Процесот на донесување кулминираше во втората фаза во февруари 2013 година, кога на конференцијата, свикана од страна на FDFA - уште еднаш во Монтре - постигнат договор за Повелбата за механизам за надзор на ICoC, потпишан во ноември истата година.[96]

ICoC
International Code of Conduct for
Private Security Service Providers

Слика 8: Меѓународниот кодекс на однесување за приватните безбедносни провајдери на услуги

Меѓународниот кодекс на однесувањее иницијатива на повеќе засегнати страни свикана од страна на Швајцарската влада која ги вклучува државните власти, граѓанското општество и ПВиБК, да се постават принципите и стандардите за приватната воена и безбедносна индустрија и стандардите врз основа на меѓународното хуманитарно право и човековите права. Меѓународниот кодекс на однесувањеги обврзува компаниите да добијат сертификат, да подлегнат на следење на нивното функционирање и да се воспостават ефикасни механизми за поплаки. Меѓународниот кодекс на однесување експлицитно забранува голем број на активности, вклучувајќи и употреба на сила (освен во самоодбрана), тортура, родовото насилство, трговија со луѓе, ропство и принудна работа. Исто така претставува еден од основачките инструменти за една поширока иницијатива за создавање подобро управување, усогласеност и одговорност. Меѓународниот кодекс на однесување не создава правни обврски и нема законски обврски врз приватните воени и безбедносни компании-потписнички, покрај оние кои веќе постојат според националното или меѓународното право. Целта на МКО е да се

[96] The International Code of Conduct for Private Security Service Providers, Geneva Akademy, Akademy briefing No.4, august 2013, http://www.geneva-academy.ch/docs/publications/briefing4_web_final.pdf - пристапено на 12.5.2016 г.

подигнат стандардите на глобално ниво во областа на ПВиБ сектор, со цел да се обезбеди активностите на ПВиБК да не ги прекршуваат нормите за човекови права и меѓународното хуманитарно право.[97]

## 6.5. Регулативнинорми на приватните воени компании во различни национални средини

Соединетите американски држави и Јужна Африка имаа два различни приоди кон регулирањето на приватните воени компании.

- **Соединетите американски држави**

АмериканскиотЗакон за контрола на извоз на оружје на САД од 1968 година и дополнителните измени на овој закон, извозот на услугитеод областа на безбедностаги третира на ист начин како и извозот на стоки: строго е регулирано на кого му се извезуваат услугите, но не и начинот на кој тие услуги се користат. Американските приватните воени компании кои нудат воени услуги на странски државјани во САД или во странство треба да добијат дозвола од Министерството за надворешни работиврз основа на Правилата за меѓународен трансфер на оружје (ПМТО), кои се имплементирани со Законот за контрола на извоз на оружје. Сепак, процесот на издавање лиценца не се придржувана стандардната процедура. Не постои формален надзор (откако лиценцата еднаш ќе биде издадена)и не постојат меркиза да се обезбеди транспарентност, освен за договори со вредностнад 50 милиони американски долари, а за кои е потребно да се извести Конгресот пред да бидат одобрени. Одговорноста за применување контрола при издавање лиценци за извозот на услугитеод страна на американските приватни воени компании на комерцијалнаоснова, се должи на претставниците на американските амбасади во странство (воени аташеи), а на Царинските организа проверка на оружје и други материјали.[98]

Интензивната употреба на ПВК од владините агенции на САД и во овој случај е поврзана со недостаток на доволна регулатива применлива на активностите на ПВК надвор, споредено со официјалните воени сили.

[97]https://www.academia.edu/8126203/Private_armies_on_the_rise_the_case_for_global_regulatory_measures - пристапено на 10.05.2016 г.
[98]DCAF Backgrounder, *Private Military Companies,* The Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Froces, Geneva, 2006, стр.5

Моменталната загриженост е околу недостаток на јасни правила и нивното ефективно применување, па следствено на тоа и способноста на САД да гидржи за одговорни ПВК за злосторства извршени во странство. Сепак, покрај прописите за регистрирање и лиценцирање на компаниите под државниот или локалниот закон, правниот систем на САД за регулирање на ПВК вклучува серија на федерални закони, прописи и други барања од федералните агенции кои опфаќаат многу аспекти во делот на набавките, надзорот и одговорноста. Во оваа смисла, американското право се однесува на активностите на ПВК во неколку области: договорната политика, статусот на припадниците на ПВК во странство и правилата за употреба на сила.

- **Јужна Африка**

Во 1998 година, Јужна Африка го донесе Законот за странска воена помош (ЗВП) со кој се регулира извозот на услуги за безбедност:

• платеничката активноста, дефинирана како „учество во вооружена борба заради лична корист", е забранета во Јужна Африка и покрај тоа што законот не ги опфаќа странските државјани кои сториле кривични дела надвор од нејзината територија.

• воената помош, дефинирана како воени или поврзани со војна услуги, може да се дадат од страна на поединци со дозвола кои добиле конкретно одобрение од владата за секој договор.

• надзорното тело одговорно за давање дозволи е Националната комисија за контрола на конвенционално оружје, со која претседава министер одреден од владата кој нема никаква дирекна врска со индустријата за одбрана.

Успехот на ЗВП е различен, вклучувајќи го и затворањето на некои јужноафрикански ПВК и преместување на други. И покрај тоа, казните што ги досудиле судовите на Јужна Африка досега се ограничени претежно на релативно мали парични казни.

Поради големиот број на државјани на Јужна Африка кои работат како обезбедување во Ирак и неуспехот на обидот за државен удар во Екваторска Гвинеја во 2004 – во кој беше вклучен одреден број на државјани на Јужна Африка, владата има предложено нов закон. Нацрт законот за Забрана на

платеничка активност и регулирање на одредени активности во областа на вооружен конфликт (2005) се обидува да ги земе предвид сите активности на поединци и корпорации кои се вклучени во вооружени конфликти, а не се официјални членови на вооружените сили.

Нацрт законот сака да го забрани секое учестви во приватни воени активности кое не е конкретно одобрено од Националната комисија за контрола на конвенционално оружје и на јужноафриканските судови ќе им даде екстратериторијална судска надлежност што ќе се применува за секоја ПВК и нејзините вработени.[99]

[99]DCAF Backgrounder, *Private Military Companies,* The Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Froces, Geneva, 2006, стр.5

# 7. УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРИВАТНИТЕ ВОЕНИ КОМПАНИИ ВО ОСТВАРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНИ И ВОЕНИ ИНТЕРЕСИ

Приватните воени компании, како современа институционализирана форма на употреба и користење на платеници, во принцип работат како и сите други компании во светот на бизнисот. Нивната основна улога и значење се клучни фактори кои имаат стратешко влијание. Појавата на приватните воени компании рефлектираше длабоки промени во меѓународните политички релации и стратешките приоритети на Западните влади. Меѓутоа со оглед на тоа дека бројот на приватните воени компании не е голем, дека се поврзани со официјалната политика на државата и министерството за одбрана, нивното делување е ограничено во воените зони. Во суштина овие компании се следбеници едни на други и на поширокиот комплекс на државната воена индустрија и политика. Би бил опасен преседан кога приватните воени компании, дури и во еден сегмент и процес, би се бореле за било каква владеачка-лидерска позиција. Напротив, на мислење сме дека војната за бизнис конкуренција е почеста во т.н. мирновремени компании за нафта, за тутун, за електроника итн.

Денеска сме сведоци дека полето на делување во поедини воени зони се стеснува. Повлекувањето на странската војска од Ирак или политичките барања кои доаѓаат од страна на официјалната Влада на Авганистан, ги прави помалку потребни. Дали е потребно посакување на нови воени жаришта или треба во стратегијата и развојот на овие компании да се проучи нивното делување во мирновремени услови. Јас во принцип не сум против делувањето и развојот на приватните воени компании бидејќи во нивниот состав има исклучитени професионалци кои што можат бројно да го пополнат недостатокот на се помалите војски, дури и во развиените земји. Затоа сметам дека тие се потреба на современото време, како што биле платениците потребни низ историјата на човештвото, почнувајќи од стариот Рим, преку Крстоносните војни, Првата светска војна и Втората светска војна.

Стратегиската концепција не може да биде применета во приватните воени компании без предходна анализа на настанувањето на војните и нивната појава. Имено приватните воени компании се „хранат“ со недостатокот на воените сили како во матичните држави, така и во државите во кои војната е присутна. Во суштина пазарното позиционирање на овие компании ја истакува во прв план улогата на risk менаџерот[100] кој со своето знаење и авторитет ќе ги предвиди и канализира економските и политичките ризици со инвестирање во безбедноста и војните во нестабилните региони. Пред се тоа значи дека приватните воени компании ќе бидат ориентирани на меѓународниот пазар.

Денес, приватните воени компании се под значително влијание на политиката и модерните држави. Нивната поврзаност со: банкарскиот систем (како финансиер), државите (како клиенти) од кои доаѓаат, воената индустрија (како набавувач на опрема), регуларните војски (министерството за одбрана), владите (дипломатија) и разузнавачките служби (како извор на информации) ги прави партнер на државата во делбата на пари и моќ.

Основниот заклучок во оваа глава, кој е всушност и насловот на овој магистерски труд е дека на вкупниот развој на приватните воени компании значително влијание имаат меѓународните политички и економски односи, а посебно политиката на земјата во која настанувале. И покрај тоа што приватните воени компании имаат стратешко влијание, пожелно е нивната активност да биде под контрола на цивилната власт. Појавата на приватните воени компании како легален облик на воено-економска активност, укажува на фактот дека на денешните процеси, светската политичка и економска сцена, им се дадени вистински имиња – војна и профит, борба за ресурси кои се сè помалку. Укажувањата на тоа се веќе мали, но имаат исклучителна важност и значаен чекор кон мирот за сите.

[100]Одговорен за управување со ризиците

# 8. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Имајќи ги предвид зголемените безбедносни закани, неспособноста или немањето желба на меѓународната заедница да се инволвира во регионалните конфликти, како и напорите на големите сили да ги намалат воените сили, употребата на приватните воени и безбедносни компании ќе продолжи да расте и да ја обликува меѓународната безбедност и во иднина.

Границите на ефикасноста на ПВиБК нема да ги одврати државите од нивното ангажирање во иднина. Соочени со поразот на бојното поле, или во најмала рака неможноста да се постигне убедлива воена победа, загрозените влади се повеќе заинтересираниво започнување со непосредна криза, отколку воспоставување на рамка за работа за трајно решение.

Интервенциите на приватниот воено-безбедносен сектор во граѓанските конфликти главно ќе бидат определени од способноста на дражавата да ги плати услугите за нивното ангажирање[101], а за послабите држави во развиениот свет им преостануваат помалку опции.Загрозените влади ќе зависат на приходите од нивните примарни производи и клучните средства да платат за воена асистенција. Рудниците, дијамантите, минералите, нафтените полиња и експлоатацијата на гас може да станат валута на стабилноста,а иднината на воени компании, најверојатно ќе зависи од достапноста и сигурноста на таквите ресурси.[102]

Приватните воени компании ја имаат способноста значително да ја сменат и да влијаат на стратегиската воена ситуација во одреден конфликт, било да е тоа во борбена или во неборбена функција, на ист или сличен начин како тоа би го направиле и регуларните воени единици. Инволвирањето на приватните воени компании во борбени или во неборбени улоги може да го смени балансот на одреден конфликт и да создаде соодветни услови во корист

[101]Во воените конфликти во Босна, голем дел од средствата за финансирање на MPRI беа обезбедени од богатите муслимански сојузници на земјата (Брунеи, Кувајт, Малезија, Саудиска арабија и Обединетите Арапски Емирати)

[102]Воените интервенции на приватната воена компанија ЕО во Ангола, Папуа Нова Гвинеја и Сиера Леоне беа поврзани со повторното освојување и заштитата на минералните и нафтени резерви.

на одредена страна, како што тоа беше случај во неколку конфликти во поново време. Растот на ПВК и зголемувањето на популарноста во смисла на оперативно инволвирање, го истакнува прашањето дека клиентите на овие глобални играчи, а посебно државите, ќе станат премногу зависни од воените услуги на овие компании. Сето ова ја потврдува важноста која приватните воени компании ја имале и ќе ја имаат во иднина.

Се претпоставува дека по завршувањето на ангажирањето на ПВК во конфликтите во Ирак и во Авганистан и нивното повлекување од овие подрачја, нивната егзистенција нема да престане да постои. Како иден пазар за овие компании најверојатно ќе се наметнат земјите од Блискиот Исток, Латинска Америка, како и земјите од Африка токму поради тоа што таму барањата за безбедност се зголемени.

Меѓу најзначајните корисници на услугите од стана на ПВиБК, покрајзападните и развиени земји,би ги наброиле и : слабите држави со тирански режими кои имаат потреба од помагање на нивните вооружени сили, мисиите на ООН кои бараат повеќе мировници, мултинационалните корпорации кои имаат потреба за заштита на нивните имоти и средства, хуманитарни работници кои имаат потреба од заштита, опозициски групи кои се борат против промена на режими итн.

Приватната воена индустрија има светла иднина. Индустријата од милијарди долари нема едноставно да исчезне и по завршувањето на војните во Ирак и во Авганистан. Напротив, може да се случи токму спротивното - приватните воени компании да ја пополнат празнината настаната по повлекувањето на регуларните воени единици со нивната висококвалификувана човечка сила, опрема и оружје кои нудат широк спектар на услуги. Денешните приватни воени компании се подготвени да преземат одговорност за борбена и сервисна поддршка, командување и контрола, разузнавање и анализа, хуманитарна поддршка, постконфликтни операции итн. Понатаму, тие се подготвени за справување со нови предизвици, како противтерористички операции, како и преговарање во случај на киднапирање.

Директното инволвирање на ПВК во борбени операции во конфликтни средини е многу малку веројатно.[103]

Се смета дека нема безбедносна област каде ПВК не можат да бидат употребени. Со други зборови, ПВК се способни да дејствуваат не само на тактичко ниво, туку и во целост да го поддржат модерното војување преку развивањето на нови вештини за справување со новите предизвици. Оваа индустрија најверојатно ќе се развива, ќе станува се поконкурентна и ќе се развива во слободен пазар на сила каде средствата на војната се достапни на секој кој може да си ги дозволи.

Зголемувањето на распространетоста и популарноста на ПВК носи позитивни и негативни ефекти за националните вооружени сили. Од позитивната страна, тие нудат широк спектар на можности за воени операции. Тие се особено корисни за овозможување на функции кои се надвор од опсеготна воените сили и обезбедување на голем капацитет за функции кои имаат ограничена понуда. Од негативна гледна точка тие вклучуваат контра-продуктивни ефекти на криминалнислучки и инциденти или непотребно бруталнооднесување од страна на персоналот на ПВК.

Ефикасноста на приватните воени компании во остварување на безбедносните и одбранбените интереси е условена од примената на соодветен модел на соработка на јавниот и приватниот безбедносен сектор, како и од соодветната регулатива која треба да создаде претпоставки вработените во приватните воени компании да бидат поодговорни за своите постапки, да помогне за да се обезбеди дека вработените нема да прават криминал и злоупотреба на своите овластувања, да се зголеми квалитетот на услугите кои ги нудат овие компании.

Со таа цел,а во насока на воспоставување на норми и стандарди, соодветни должности и обврски на ПВиБК, во овој магистерски труд се образложени неколку препораки за ефективна применливост на ПВиБК:

1. **Меѓународен регистар на ПВК**. Мора да има отворен регистар на ПВиБК со цел да се обезбеди можност да се филтрираат компании со лоша евиденција. Создавањето на меѓународниот регистар на ПВК ќе ја промовира

[103]Сепак, и ова е возможно како претходно наведениот пример во Ангола.

транспарентноста на способноста и ефикасноста на индустријата.Обединетите нации е логична меѓународна организација во чии рамки да се основал, ажурирал и одржувал овој регистер. Зголемување на контакти помеѓу МКЦК и ПВК укажуваат на тоа декаОН веќе може да се движат во оваа насока.

**2. Законите на војната и ПВК**. Законите на војната треба да се разјаснат поради отстранување на постојаната дискриминацијата на ПВК и зајакнување наодговорностите на ПВК според меѓународното хуманитарно право. Таквото меѓународно регулирање на ПВК ќе ја намали нивната ранливост на криминално и контра-продуктивно однесување. На ПВК кои работат во согласност со законите на војната треба да се гледа како корисни елементи во остарување на безбедносни и воени интереси.

**3. Идентификација на инхерентно владини функции.** Државите требада идентификуваат кои функции од страна на вооружените сили се сметаат дека се „инхерентни (битни, својствени и неразделни) владини функции“ кои што мора да се извршуваат само од страна на националните вооружени сили и кои можат да бидат извршени со склучување на договори. Офанзивни операции најлесно се идентификувани какоинхерентно владини. Статусот на многу други функции како што се основната безбедност и транспортот на бојното поле е помалку јасна. Во врска со овој процес, земјите треба да ги идентификуваат кои функции треба да се вршат од страна на граѓаните, а кои функции може да се обезбедат во форма на договор од страна на персонал од сојузничките земји, или од било која земја.

**4. Заедничка обука и едукација.** Доколку ПВК се вклучени во извршување на клучните функции и задачи на воените операции, тие треба да бидат вклучени во процесот на планирање што е можно порано. Условот за учество на тендер практика ќе значи дека тоа не е секогаш можно, што доведува до ad hoc договори за секоја операција. Еден начин да се спротивставиме на овој ефект е создавање на можности за заедничка обука и едукација меѓу националните вооружени сили и ПВК.

**5. Заедничко дејствување и координација**. Во поголемиот дел од воените интервенции денес ПВиБК се најактивни во логистика, обезбедување на конвои, со можност да бидат доведени во ситуација и за активно учество во борбените дејства. Со оглед на можноста за зголемување на ризикот дека тие ќе

станат цел на воените напади, а и обратно, се наметнува неопходна потребна за координација со цел спречување на можен судир помеѓу редовните сили и ПВК. Заедничкото дејствување и добрата координација ги презентираат најдобрите алатки за успешно менаџирање помеѓу регулатните вооружени сили и ПВК.

**6. Механизми за надзор и контрола.** Државите (владите) мора да воспостават систем на механизми за надзор и контрола на приватниот воено-безбедносен сектор како итен приоритет. Саморегулација од страна на индустријата не е опција. Треба да бидат воспоставени строги контроли и да се осигура дека високи претставници на одбраната и безбедноста или министрите на државите не им е дозволено да превземаат било каква лобирачка улога врз ПВиБК во период од неколку години по завршувањето на нивниот мандат. Покрај овие механизми за контрола приватниот воено-безбедносен сектор, треба да биде под обсервација на цивилното општество и медиумите.

**7. Законското регулирање на индустријата на ПВК** ќе поттикне да го насочи својот бизнис кон легитимни воени операции. Добро-управувани (менаџирани) ПВК кои се придржуваат кон условите на сите национални и меѓународни закони треба да бидат признати и препознатливи како дел од нормалната кариера за некои воени професионалци. Доколку постојат обвинувања за злоупотреба на човекови права од страна на вработените во ПВиБК потребно е да се придаде исто значење како водењето на истраги против припадниците на регуларните вооружени сили.

# 9. КОРИСТЕНА И КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА


1. Бакрески О., Даничиќ М., Кешетовиќ Ж., МитевскиС., Приватна безбедност - теорија и концепт, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2015.
2. Бакрески О., Контрола на безбедносниот сектор, Филозофски факултет, Скопје, 2012.
3. Закон за приватно обезбедување („Сл. в. на РМ“ бр.166/2012 и 164/13)
4. Котовчевски М., Национална безбедност на РМ, Филозофски факултет, Скопје, 2010.
5. Микац Р., Феноменот на „приватните воени организации“ како неизбежни компоненти на судирите во XXI век“, Современа македонска одбрана, бр.19, Април 2010.
6. Славески С., Безбедносен систем, Европски универзитет, Скопје, 2009.
7. Стратегија на одбрана на Република Македонија („Сл.весник на РМ“ бр.30/2010).
8. Танески Н., Глобални хибридни закани и асиметрични војни, Танески Н., Скопје, 2014.
9. Alabarda Y & LisowiecR., The Private Military Firms – Historical Evolution and Industry Analysis –June 2007.
10. Avant D., PMC and the future of war,Foreign Policy Researh Institute, 2006.
11. Bart B., Implosion: Downsizing the U.S. Military, 1987-2015, Westport: Greenwood Press, 2000.
12. Buzatu A-M & Benjamin S. B., Private Military & Security Companies: Future Challenges in Security Governance,DCAF HORIZON 2015 WORKING PAPER No. 3.
13. Damian L., The privatization of security and peacebuilding,IA September, 2000.
14. David I., A Fistful of Contractors: The Case for a Pragmatic Assessment of Private Military Companies in Iraq,Research Report 2004.4, British American Security Information Council, September, 2004.

15. Defense Science Board Task Force, Deployment of Members of the National Guard and Reserve in the Global War on Terrorism, September 2007.
16. Du PlessisA., The Global Code of Conduct for Private Security Companies: Why it Matters to Humanitarian Organisations, Humanitarian Exchange Magazine
17. Friedman G., The Geopolitical Foundations of Blackwater,Outside the Box, Vol. 4 – Special Edition, October 2007.
18. Fulloon M., Non-stateactor: DefiningPMC",Strategic Review for Southern Africa, Vol 37, No 2.
19. Goddard CS., The Private Military Company: A Legitimate International Entity Within Modern Conflict, Fort Leavenworth, Kansas, 2001.
20. Graham A & Gregory T., Rethinking America's Security: Beyond Cold War to New World Order, eds., New York: Norton & Company, 1992.
21. Harmer A, Di DomenicoV, Stoddard A., The use of Private Security Providers and Services in Humanitarian Operations,HPG Report, (October 2008).
22. Howe H., Ambiguous Order: Military Forces in African States, Lynne Rienner Publishers, 2001.
23. Human Security report 2005, „War and peace in 21st century", HSC, The University of British Columbia Canada.
24. Isenberg, D., Fistful of Contractors: The Case for a pragmatic assessment of Private Military Companies in Iraq, Isenberg, D., British American Security Information Council 329, Research Paper No 4, September, 2004.
25. Kess A., Regulation of Private Military Companies",Goettingen Journal of International Law 3, 2011.
26. Kondrotas A.,Private armies throughtout the generations of warfare; pitfalls and prospects, Tartu, 2010.
27. LitavskiJ., Izazovi privatnog sektora bezbednosti u novom veku, Novi vek, CES, 2012.
28. McCallum, S., From Gun to Briefcase: The Rise of the Private Military Firm 1990-2007, Drexel University, Philadelphia, 2007.
29. McFate S., The modern mercenary: Private armies and what they mean for world order, OxfordUnivrsity Press, 2014.
30. Moyer R M., Soldiers for Hire: The Role of Private Military Contractors in Iraq, University of Southern Maine.
31. Nikolaos T., Contracting out PMCS - CES, 2012.

32. O'Brien K, Musah A, Fayemi K., Private Military Companies and African Security 1990-98, Mercenaries: An African Security Dilemma. London: Pluto Press, 2000.
33. Ortiz C, Jager T, Kummel G., The private military company: An entity at the centre of overlappingspheres of commercial activity and responsibilityPrivate Military and Security Companies: Chances, Problems, Pitfalls and Prospects. VS Verlag, 2007.
34. Ortiz C., Private Armed Forces and Global Security, Preager,An Imprint of ABC-CLIO, Santa Barbara, California-Denver, Colorado-Ohford, England, 2010
35. OstensenA G.,UN Use of Private Military and Security Companies Practices and Policies, DCAF, 2011.
36. OstensenA G.,UN Use of Private Military and Security Companies: Practices and Policies.
37. Pelton, R., Licensed to Kill: Hired Guns in the War on Terror, NY:Crown Publishers, 2006.
38. Private military companies – Geneva centre for democratic control of Armed forces, 2006.
39. Private Military Companies: Options for Regulation, Foreign & Commonwealth Office, HC577, The Stationary Office, London, 2001.
40. Rubin, E., The Case for the Mercenary Army, Australian Defence Force Journal, Vol 126, September/October, 1997.
41. Scahill, J., Blackwater: The Rise of the World's Most Powerful Mercenary Army, New York: Nation Books, 2007.
42. Schreier F,& CapariniM., Privatising Security: Law, Practice and Governance of Private Military and Security Companies,, Geneva, 2005.
43. Securing, stabilizing, and rebuilding Iraq,GAO, Report to congressional committees, June 2008.
44. Shearer D., Private Armies and Military Interventions, IISS, 1998.
45. Singer P.,Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry, Ithaca: Cornell University Press, 2003.
46. Singer P.,Can't Win With 'Em, Can't Go to War Without 'Em,POLICY PAPER Number 4, September 2007.
47. Subcontracting the War, The New York Times (Late Edition (East Coast)), New York, NY, 1 October 2007.

48. Winston P H& Graig H., The Rise of Outsourcing in Modern Warfare: Sovereign Power, Private Military Actors, and the Constitutive Process,University of Florida Levin College of Law,2008.
49. Wright D & Brooke J., Filling the Void: Contractors as Peacemakers in Africa,African Security Review, Vol 16, No 4, 2007.

**Материјали од интернет**

- https://en.wikipedia.org/wiki/Pinkerton_(detective_agency), пристапено на 24.03.2016 г.
- http://www.sourcewatch.org/index.php/History_of_private_military_companies (пристапено на 30.03.2016 г.)
- (http://www.fxstreet.com/futures/marketreview/outside-the-box/пристапено на 30.03.2016 г.)
- http://www.acq.osd.mil/dsb/reports.htm - пристапено на 30.03.2016 г.
- https://en.wikipedia.org/wiki/Executive_Outcomes - (пристапено на 04.04.2016г.)
- https://en.wikipedia.org/wiki/Sandline_International - (пристапено на 04.04.2016г.)
- https://en.wikipedia.org/wiki/Nisour_Square_massacre - пристапено на 09.05.2016г.
- www.fco. gov.uk/Files/kfile/mercenaries.0.pdf - пристапено на07.05. 2016
- http://psm.du.edu/media/documents/reports_and_stats/think_tanks/dcaf_backgrounder_private_military_companies_mac.pdf/ пристапена на 29.04.2016г.
- http://oll.libertyfund.org/titles/smith-an-inquiry-into-the-nature-and-causes-of-the-wealth-of-nations-cannan-ed-vol-1 - пристапено на 09.05.2016 г.
- https://www.humanrightsfirst.org/wpcontent/uploads/pdf/Examples_of_Contractor_Abuses.pdf-пристапено на 10.05.2016г.
- https://en.wikipedia.org/wiki/ArmorGroup- пристапено на 30.04.2016 г.
- http://un.org.np/unmin-archive/?d=activities&p=activity_detail&aid=61 - пристапено на 30.04.2016г.
- http://www.sourcewatch.org/index.php/Pacific_Architects_and_Engineers,_Inc./пристапено на 30.04.2016 г.
- https://www.globalpolicy.org/nations-a-states/private-military-a-security-companies/pmscs-and-the-un/50639-un-embraces-private-military-contractors.html - пристапено на 30.04.2016г.

- http://www.hoosier84.com/00-06eorwanda.pdf, p.1- пристапено на ден 01.05.2016 г.
- http://voluntaryprinciples.org/files/VPs_10_Year_Anniversary_Press_Release_March2010_London.pdf
- http://www. odihpn.org/report.asp?id=3122 (пристапено на 11.03.2016)
- http://www.anselm.edu/Documents/NHIOP/Global%20Topics/Archive/Moyerfinal09.pdf
- http://www.fpri.org/article/2006/04/private-military-companies-and-thefuture–of-war/ - пристапено на 11.05.2016 г.
- https://www.icrc.org/eng/resources/documents/faq/pmsc-faq-150908.htm – пристапено на 28.05.2016 г.
- http://business-humanrights.org/en/conflict-peace/special-initiatives/ initatives -on-private-military-security-companies/montreux-document-a-process-aimed-at - governments - пристапено на 10.05.2016г.
- http://business-humanrights.org/en/conflict-peace/special-initiatives/ initatives -on-private-military-security-companies/montreux-document-a-process-aimed-at-governments - пристапено на 10.05.2016
- ICoC Timeline, достапно на http://www.icoc-psp.org/ICoC_Timeline.html - пристапено на 11.05.2016
- http://www.geneva-academy.ch/docs/publications/briefing4_web_final.pdf - пристапено на 12.5.2016 г.